# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ја отворам 26-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Илинка Митрева, Славица Грковска, Благој Зашов, Фијат Цаноски, Оливер Шамнбевски, Ружди Матоши, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Љубисав Иванов Ѕинго, Радмила Шеќеринска, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Љубчо Ѓеорѓиевски, Али Ахмети, Азиз Положани и Фазли Велиу, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија, Ректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа Тетово.

Записниците од 17-та, 19-та, 22-та и 25 седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки по записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 17, 19, 22, и 25 седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Предлогот за донесување на закон за технолошки и индустриски развојни зони со Предлог на закон кој е во предлогот на дневниот ред на оваа седница ќе биде разгледан на 28-та седница на Собранието.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за именување на јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот за именување на јавен обвинител на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, дами и господа, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 13 декември 2006 година донесе одлука за именување на јавен обвинител на Република Македонија. Огласот беше објавен во Службен весник на Република Македонија број 131 од 15 декември 2006 година. Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9 јануари 2007 година во согласност со членовите, 34 и 42 став 1 од Законот за јавното обвинителство од пријавените кандидати го утврди Предлогот Љупчо Шврговски досегашен заменик јавен обвинител во Основното обвинителство Скопје, да биде именуван за јавен обвинител на Република Македонија.

Именуваниот ги исполнува условите утврдени со Законот, има потврдени резулати на правните работи и потребното работно искуство. Имајќи ги во предвид организацијата и надлежностите на Јавното обвинителство како и надлежноста на јавниот обвинител потребно е постапката за избор на јавен обвинител на Република Македонија да се спроведе во роковите кои ги налагаат не само законските решенија, но и актуелните случувања во нашата земја.

Почитувани пратеници, справувањето со организираниот криминал како една од основните заложби на Владата на Република Македонија, исто така неминовно ја наметнува потребата за назначување јавен обвинител на Република Македонија која според своите надлежности е институција која е одговорна за сузбивање на криминалот во целина. Остварувањето на соработката со другите надлежни институции за откривање на сторители на кривични дела нужно е во што е можно пократок рок да се избере носителот на оваа функција. Сето ова се потврдува и низ начелото на организација на Јавното обвинителство и хиерархиската субординација каде што јавниот обвинител на Република Македонија ја има клучната улога.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата за именување на јавен обвинител на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека во моментот на гласањето во салата има 70 пратеници.

Гласале 58, за гласале 50, воздржани нема, против гласале 8.

**Владо Бучковски:** Јас бев еден од оние 12-мина кои воопшто не гласаа. Но, збунет сум и изненаден од ова што се случува. Го слушав внимателно заменик министерот за правда кој влегува во едно сценарио кое во краен случај му нанесува штета на угледот на номинираниот кандидат за јавен обвинител. Несериозно е почитуван претседателе пратениците да не

знаат, а македонската јавност, или дел од еснафот уште во понеделникот да ме прашува како ќе гласа Владо Бучковски, или како ќе гласа СДСМ за изборот на новиот Јавен обвинител. Мислам дека беше коректно, бидејќи барем овие 70 пратеници кои се овде беа и изминатите два дена во Парламентот. Да знаевме дека денеска наместо лустрација како главна точка на денешниот дневен ред, ќе раправаме за јавниот обвинител. Мислам дека на овој начин Владата пред се заменик министерот за правда му прави мечкина услуга повредувајќи ја процедурата на веќе номинираниот кандидат за јавен обвинител.

**Љубиша Георгиевски:** Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Ние како парламентарна група навистина не можеме да го сфатиме ова мнозинство што на овој начин ја минира работата на Собранието со предлози кои што доаѓаат од Владата. Мислам дека сите пратеници кои што денес се присутни во салата покажале интерес посебно за Првата точка од дневниот ред Законот за лустрација кој што треба да се донесе и сигурно дека нивното присуство е токму поради тоа. А, со овој предлог со кој што доаѓа сега Владата, фактички се прави минирање на оваа точка и оваа точка да биде под сенка на тоа што сега го предлага Владата, или пак да ја изгуби својата тежина оваа точка, нешто што не е во ред. Што се однесува на Предлогот навистина е нешто за што сите треба добро да размислиме и ние како парламентарна група ќе ги дадеме нашите забелешки за начинот како се дојде до овој предлог од страна на Владата и се разбира лицето кое што се предлага. Затоа што има многу да кажеме за неговата работа. Ние мислиме дека тој предлог треба да се повлече од Владата и да се стави на дневен ред на друга седница. А денес ќе беше добро да раправаме за овој закон кој што долго време се очекува од јавноста било внатрешната или надворешната јавност. Значи, говорам за Законот за лустрација така што мислам дека со ова што се прави сега од страна на Владата се покажува како несериозна Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија, за билатерална Парламентарна соработка;

3. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог за именување на вицегувернер на Народна банка на Република Македонија;

5. Предлог за изменување на член на Советот на Македонската радио-телевизија;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Влдата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите американски држави за научна и технолошка соработка со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за взаем и финансирање, наманет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (фаза ИИИ), кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон;

9. Предлог за именување на јавен обвинител на Република Македонија;

10. Предлог за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за медијација, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за управната инспекција, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за јавни претприајтија, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали, со Предлог на закон;

16. Предлог на закон за минерални суровини;

17. Предлог на закон за Државен пазарен инспекторат;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за железниците, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, со Предлог на закон;

20. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година;

21. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за социјалната заштита, со Предлог на закон;

22. Барање за давање автентично толкување на член 27 став 1 од Законот за јавните

претпријатија, поднесено од пратеникот Ристанка Лалчевска;

23. Барање за давање автентично толкување на член 54 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесено од градоначалникот на општина Карпош;

24. Предлог за просторен план на регионот на сливот на река Треска;

25. Предлог на стратегија за управување со јавен долг за периодот од 2007 до 2009 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Согласно член 73 од Деловникот во име на пратеничката група на СДСМ барам да се симне точката 9 од предложениот дневен ред а тоа е Предлогот за именување на јавен обвинител и тоа од две причини.

Прво, заменикот министер, веројатно министерот мислел ќе се зборува за лустрацијата, па се уплашил што кажал господинот Исо Руси, па го пратил заменикот денес. Заменикот министер за правда се повика дека Владата на 9 јануари го дала тој предлог и изненадува што ние сме запознаени 15 минути пред почетокот на седницата дека оваа точка ќе биде на дневен ред. Мислам дека ако предлогот Владата го усвоила на 9-ти, дошол во Собрание на 10-ти, можеше да биде сосема регуларно дел од оваа седница и да биде најавата на дневниот ред на 28-та седница. Од друга страна заменик министерот за правда се повика на рокови, но рокот за донесување на нов закон за јавно обвинителство одамна е истечен. Јас знам дека европската агенда за жал не е во Агендата на Владата, но таа е високо во Агендата на граѓаните на Република Македонија. И граѓаните на Република Македонија ги поддржаа сите уставни измени во реформата на судството и реформата на јавното обвинителство. Затоа што не само што барам, туку апелирам Владата доколку не сака да ја повлече точката, Парламентарното мнозинство да ја симне оваа точка од дневен ред, да се донесе новиот закон за јавно обвинителство и да си избереме јавен обвинител што ќе влезе без грам хипотека и сомнеж во целиот овој процес. Затоа согласно член 73 од Деловникот барам да се изјасни Собранието за симнување на точката од дневен ред, точката 9.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75, за гласале 21, воздржани нема, против гласале 54.

Според тоа предлогот на господинот Макрадули не е прифатен.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Во врска со дневниот ред.

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, мојот предлог со оглед на тоа што го почитувам Деловникот, ќе се јавам и после кога ќе биде расправата за редоследот на точките. Мојот предлог е за дополнување на дневниот ред и со оглед на тоа што навистина добивме материјали, едни доставени горе во пратенички групи, тука доставени пред нас пратениците. Претседателот ни вметна уште три-четири точки кои што сите пратеници и пратениците од мнозинството дури се чудеа кои точки се на дневен ред. Така што веќе ние не знаеме за што расправаме. Но, јас ќе се обидам барем само за еден дел. Колку што успеав да го сфатам претседателот, рече дека на седницата свикана за 26.01. ќе го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за технолошки и индустриски развојни зони со Предлог на закон.

Мојот предлог е на оваа седница да го разгледуваме законот за технолошки и индустриски развојни зони. Исто така, претседателе, дозволете ми една дигресија, но ќе се јавам повторно. Предлагам сите закони кои што се од областа на економијата, од областа на труд и социјала, од сите економски ресори да ги поставите први по редослед на оваа седница, да и дозволиме на Владата која што работи по 24 часа да продолжи да работи, бидејќи да не биде виновен парламентот, тој што не ги донесува законите од економската сфера. Затоа мојот предлог е денес со оглед на тоа што во сите комисии е завршена расправата, во сите други работни тела на Собранието е завршена расправата. На оваа седница да го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за технолошки и индустриски развојни зони со Предлог на закон. А дополнително ќе се јавам и ќе побарам во редоследот сите закони од економија и труд и социјала, од транспорт, од животна средина да бидат први на разгледување, бидејќи околу тие закони немаме никогаш спорови овде во Собранието и тие закони да ги донесеме, затоа што вака како што продолживте господине претседателе имам чувство дека сите тие закони намерно ги оставате да не се разгледуват во парламентот. Од сите прекинати седници тие точки ги оставате и постојано закажувате продолжение, за празниците, за не знам кои други закони, а овде имаме две-три точки, за кои што сигурно ќе има расправа во овој Парламент долго и тие закони повторно ќе ни останат назад. Значи, мојот предлог е, сега да ставите Предлог за дополнување на законот за технолошки и индустриски развојни зони да оди на оваа седница, а околу другото кога ќе отворите расправа по измена на редоследот на точките на дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да го ставам предлогот на гласање, би сакал само заради јавноста да додадам, дека овој предлог за јавниот обвинител беше изнесен на координацијата и тие што беа на координација го знаеа тоа.

Што се однесува до вториот дел на вашиот предлог, принципиелно  за таков предлог треба сериозно да се размисли. Тој предлог е многу прифатлив и јас лично стојам зад таквиот предлог, да се даде предност на законите кои се во подиректна врска со нашата акцесија на Европската унија. Но, за тоа ќе се потрудиме ние претседателот и претседателите со службите наредните дневни редови да ги правиме во таа насока, да имаат поголема предност тие, веќе во петок.

Но, за оваа седница не би прифатил промени на дневниот ред. Доколку мнозинството се изјасни за тоа да, се разбира. Но не би стоел зад овој предлог на оваа седница.

Инаку, во принцип мислам дека тој е одличен предлог.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе не се работеше само за точката за Државен јавен обвинител, туку прочитавте точки кои во ниеден материјал ги нема. Две ратификации кои што ниту во овој дневен ред сега ги има, ниту досега сме ги разгледувале, но во ред, тоа е ваше право и тоа никој не може да ви го оспори. Околу тоа што се договаравте на координација, тоа беше пред десетина минути.

**Љубиша Георгиевски:** Координацијата дојде, тогаш кога можеше да дојде најбрзо, што се однесува до нашите процедури. Владата е нешто друго.

Ве повикувам да гласаме околу предлогот на господинот Најдовски.

Гласале 75, за гласале 24, воздржани 2, против 49.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Значи предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65, за гласале 49, воздржани нема, против 16.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете процедурално господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Господине претседател на Собранието на неколку седници забележав дека не се почитува став 1 од член 71 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Иако можеби цените дека не е значајно пред верификацијата на дневниот ред пратениците да имаат можност да се произнесат за записниците, како што се нагласува во членот 71 став 1. Но, и покрај тоа,  ќе повторам пред утврдувањето на дневниот ред, треба да се постави тоа прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Колку што знам го поставив прашањето за усвојување на записникот од четири или три седници.

Господине Јани Макрадули повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, предлагам точката 9 од усвоениот дневен ред да биде точка 25 и тоа ќе го образложам со следново. Заменикот министер за правда кажа дека Владата го утврдила предлогот и го доставила до Собранието на седницата одржана на 9 јануари.

Во материјалите за оваа седница кои ни беа доставени, согласно Деловникот, односно за 24 јануари имаше сосема доволно време да се подготват материјалите и ова да биде точка на дневен ред согласно Деловникот за работа на ова Собрание. За жал, точката на овој дневен ред, сакам да ја информирам јавноста, пратениците ја добија како информација дека ќе биде дел од овој дневен ред во 10 часот утрово на координацијата кај претседателот.

Сметаме дека ова е упад од страна на Владата во работата на Собранието. Сметаме за вака сериозна тема, Владата се обидува наврат нанос да внесе една точка која ќе донесе голем хендикеп на првиот ден од работата на новиот Јавен обвинител. И затоа што нема нов закон за Јавно обвинителство, согласно европските препораки и директиви, изминати се роковите, но и самата процедура. Имало 15 дена кога Владата го утврдила предлогот да биде сосема регуларно, точка на оваа седница.

За жал, пратеничката група на СДСМ, смета дека на овој начин се прави обид да се замолчат аргументите на опозицијата. Затоа предлагам да можеме да се подготвиме, да можеме реално да дебатираме, да придонесеме во расправата оваа точка, односно точката 9 да биде точка 25 од предложениот дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 26, воздржани нема, против гласале 52.

Според тоа, предлогот не е усвоен.

Повелете господине Најдовски процедурално.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, не е процедурално. Ова е расправа по однос на дневниот ред. Јас реков кога се јавив по однос на предлогот за дополнување на дневниот ред дека деловнички и јавно ќе побарам Собранието да се изјасни околу измена на редоследот на точките за дневниот ред.

Имено, предлагам точките од 12 до 25, тоа се вкупно 14 точки, да бидат од 1 до 14, а тоа ќе го образложам со следново. Сметам дека законите кои што се  од областа на економијата, од областа на труд и социјала, од областа на транспортот, од областа на Министерството за финансии, кои што ни се предложени на оваа седница, треба да добијат приоритет и по нив да расправаме.

Имено, се работи за изменување на Законот за управна инспекција, која е десета точка, законот за измена на Законот на јавни претпријатија, кој

што регулира со овие измени кои сега се предложени многу важна материја, потоа Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за технолошки индустриски зони, кој што не го поставивте, го изземавте од оваа седница, а толку беше помпезно најавуван, иако се во Собранието, во сите работни тела од тој закон се е завршено. Потоа точката за Законот за контрола на скапоцени метали. Еден закон од исклучително значење, Законот за минерални суровини и да не ги читам сите, да не ви одземам време.

Мојот предлог е, сметам дека овие закони ако вака продолжиме ќе се оддолжи многу расправата по нив и нивното донесување. Не сакам да ни се случи состојбата господине претседателе, како што е со Законот за јавна внатрешно финансиска контрола и Законот за внатрешна ревизија, кои што од расправата која беше по Буџетот ни останаа незавршени. Овие последни денови постојано отворате расправа за празниците и за некои други прашања, се водат долги и мачни дискусии во ова Собрание, а од друга страна остануваат тие закони неразгледани. Не сакам да верувам дека намерно го правите тоа да не се зајакне јавната внатрешна контрола во министерствата. Не сакам да верувам дека не сакате да го донесеме законот за дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, бидејќи тие точки воопшто не ги поставувате на дневен ред и тие седници воопшто не ги продолжувате. Се сомневам, дека истото ќе ни се случи и со овие точки на дневен ред, кои што се сега поставени. Повторно ќе повторам од областа на економијата, кои што се поставени дури после 12-та точка па надолу.

Затоа барам, апелирам до парламентарното мнозинство, до најбројната парламентарна група ВМРО-ДПМНЕ да го поддржи мојот предлог и да ги разгледаме. Уверен сум дека за овие точки нема повеќе од еден ден да расправаме, кои што се од областа на економијата. Тие ќе ги завршиме многу брзо и ќе направиме добра работа во Парламентот. Потоа да расправаме за овие точки кои што сега вие ги имате во својот предложен дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Најдовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 26, воздржани 3, против 46.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ние бараме првата точка од дневниот ред да биде законот за лустрација и пред да се почне со расправа да ни се донесе новиот дневен ред, затоа што се направија големи измени во дневниот ред, што пратениците не знаат за што да расправааат. Така што, едниот предлог е прва точка од дневниот ред да биде законот за лустрација. Пред да се почне со расправа да ни се донесе новиот дневен ред, за да можат пратениците да знаат за што ќе расправаат следно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Рафис Алити го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 27, воздржани 2, против 47.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Има збор господинот Оливер Спасовски, процедурално.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, сакам да побарам од вас господине претседателе овде да ја прекинеме денешната 26-та седница и да продолжиме да работиме по 12-та седница на Собранието на Република Македонија, заради тоа што имаме многу значајни прашања, кои што беа поставени на дневен ред уште минатата година и не успеавме да ги донесеме заради желбата можеби на парламентарното мнозинство. Посебно заради тоа што на таа седница е точка на дневен ред Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензско и инвалидско осигурување, или популарно наречен Закон за стечајните работници, кои што постојано не чекаат секој ден пред Собранието и мислам дека веќе не сме вешти манипулатори со овие луѓе и мислам дека ја сфатија поентата дека намерно го одложуваме донесувањето на овој закон, кој што ќе ги реши нивните проблеми.

Затоа барам да ја прекинеме седницата и да продолжиме со 12-та седница, да ги завршиме овие точки од дневниот ред и потоа да продолжиме со оваа седница, заради тоа што судбината на одреден број на луѓе е многу поважна од решавање на некои кадровски комбинаторики, кои што се на дневен ред на почетокот од оваа седница и ќе дојдеме веројатно, на задоволување на некои кадровски интереси и потоа ќе прекинеме со оваа работа.

**Љубиша Георгиевски:** Барањето на господинот Спасовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за галсале 26, воздржани 2, против 49.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Продолжуваме со утврдување на дневниот ред.

**Минуваме на точката 1-Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на постојни работни тела на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

(Од салата излегуваат пратениците од СДСМ).

Нека излазат пратениците па ќе зборувам.

Во име на парламентарната група на ДУИ ќе побарам 15 минути, или половина час пауза, за да ни се додели дневниот ред, за да знаеме за што расправаме.

Мислам дека тоа е ваша обврска како претседавач, пред да отпочне расправата по дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 11,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,06 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во моментот на гласање.

Во салата се присутни 54 пратеници и гласањето е неважечко.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеник.

Да го повториме гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 63 пратеници и ова гласање е важечко.

Гласале 58 пратеници, за гласале 58, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

За време на гласањето во салата имаше 64 пратеници, гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Константирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Марјан Додовски. Повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Само да потсетам на неколку активности кои беа реализирани до добивањето на Предлог одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија.

Во изминатиот период јас бев против било каква активност и сеуште сум на истиот став и ќе гласам против оваа одлука, затоа што сум против било што да се преземе како активност во делот на реконструкција, надградба, а посебно надградбата на Македонското собрание, затоа што ние како пратеници во моментот работиме во многу тешки услови. Секој од пратениците знае во какви услови работи секоја пратеничка група. Кога разговаравме за Буџетот за 2007 година, имаше неколку амандмани кои беа поднесени за обезбедување елементарни услови во постојните канцеларии за компјутери и принтери, а да не говорам за други работи, а сега се доведуваме во една ситуација да говори за реконструкција и надградба на Македонското собрание. Тоа е една од причините заради која ќе гласам против оваа одлука.

Втората причина која ја кажувавме наназад два месеци е дека Собранието на Република Македонија треба да остане онакво какво што е, автентично. Во Скопје имаме само неколку објекти кои имаат историско и културно значење и од таа причина, како споменик на културата кој е заштитен, ние не смееме воопшто да го чепкаме. Имавме многу, многу алтернативни решенија за обезбедување на дополнителен простор за функционирање на пратениците и на

Собранието на Република Македонија и сега повторно понатаму се турка ваквата идеја и овој концепт за реконструкција на Македонското собрание. Кажав, мене ми пречеше и реконструкцијата на оние настрешници кои се околу Македонското собрание. Оваа зграда не смееме да ја нагрдиме и од таа причина секогаш кога ќе имаме вакви предлози, јас ќе бидам против оваа одлука. Не навлегувам во компетентноста на преложените личности, сите тие се стручни, меѓутоа, гласам против концептот за надградба на Македонското собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Госпоѓа Куновска се јави за збор**.** Повелете.

**Јагнула Куновска:** Јас се јавив за да кажам дека колегата не дава решение што ние како пратеници тука овие 4 месеци ...

**Љубиша Георгиевски:** Значи барате реплика. Повелете.

**Јагнула Куновска:** Јас на пример како пратеник се чувствувам недостојно во овој Парламент што кога по еден час, два, три или четири часа имаме паузи, морам времето да го поминувам во бифето, кое што е со вештачко осветлување, а од цигари како пушница внатре. Јас сум сепак интелектуалец, пратеник сум во овој Парламент и треба да имам еден простор каде ќе можам да седнам и да се соземам себе во поглед на тоа што треба да кажам или да реагирам на некои дискусии. Јас сум да се реконструира односно надгради ова Собрание и во никој случај не сметам дека тоа ќе биде нагрдување на Парламентот односно на градбата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Марјан Додовски, контра реплика една минута.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Во делот на просториите за пушење, во Република Македонија постои Закон за заштита од пушење и јасно е дефинирано каде се дозволени просториите за пушење, а каде не се и тоа не би го коментирал.

Во делот на алтернативни решенија за обезбедување простории каде би функционирале и каде би работеле пратениците од Македонското собрание, во многу наврати до сега е дискутирано и понудени се многу решенија. Едни од тие решенија и предлози беа кажани и од наша страна и на комисиски расправи, меѓутоа, и на пленарна расправа во однос на оваа точка. Како една од алтернативните можности беше истакната зградата на Заводот за статистика и поврзување со воздушни мостови. Понатаму, на големиот празен паркинг кој се наоѓа во близина на Собранието на Република Македонија, значи кај Министерството за надворешни работи може еден нов објект да се изгради многу побрзо и пореално, отколку надградба и нагрдување на овој прекрасен парламентарен дом во Република Македонија.

На крајот на краиштата, знаеме дека Претседателот на државата со своите простории ќе го напушти овој објект, дека се гради палата на Претседателот на државата и дека на тој начин се ослободуваат уште дополнителни простории. Едноставно се е во внатрешното организирање на функционирањето на Македонското собрание. Кој сака да работи има простор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи темата е таква што за неа може да се дискутира три и пол години и сите да ги покажеме своите големи ерудиции, интелигенција, памет итн, ве молам да се концентрирате на формулацијата на одлуката. Да говориме за комисијата, ако имате да кажете за определени луѓе итн. Ние ќе имаме уште серија гласање додека дојдеме до реализација, евентуална, на овој проект.

Ве молам да останеме во рамките на темата, а не сега ан принсип да се впуштаме во дискусија дали треба, дали не треба, културно историски споменици итн - војна и мир. Ве молам, да бидеме конкретни и концизни. Повелете.

За збор се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Го разбирам колегата Марјан Додовски. Навистина со полно право сугерира уште од сега дека не треба да се направат дополнителни трошоци, а еден ден можеби ќе дојде нова гарнитура на пратеници и ќе каже дека се направени непотребни трошоци, па повторно да не се реши проблемот. Ова го велам не затоа што не треба да се оформи оваа комисија, туку треба да се оформи друга комисија која ќе се занимава со други работи. Посебно го велам ова затоа што вие сигурно комуницирате со пратениците, сигурно комуницирате со вработените во овој дом и секој од нас има проблем за тоа каде да ја паркира колата кога доаѓа во Собранието, покрај другите проблеми кои се појавуваат тука и сега. Доколку одиме кон тоа оваа куќа да се подигне уште еден спрат, сигурно ќе има потреба да се најдат и други решенија или овие проблеми кои ние сега ги нагласуваме ќе треба да се решат, така што ќе биде подобро да направиме работа која ќе чини помалку, но со која ќе се реши проблемот на пратениците и се разбира на вработените во Собранието.

Мое мислење е колку што е можно побрзо да се доделат средства, Претседателот на државата да оди во резиденцијата, да се ослободат тие простории и да се најде решение за паркирање на возилата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вашиот предлог за паркинг е многу умесен и јас лично во својата евиденција, во своите задачи имам набележано од оваа комисија да барам решение и за паркингот, затоа што тоа оди едно со друго. Не можете да градите таква зграда без паркинг.

Повелете, кој друг бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата беа 67 пратеника, гласаа 60 од кои за гласаа 56, против 4, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за именување вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Димитар Богов да биде именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, за гласале 59, воздржани нема, против нема.

Ве молам, пред да го заклучиме гласањето, службите пак да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Констатирам дека Димитар Богов е именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за именување на член на Советот на Македонската радиотелевизија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Рухи Бакиу да биде именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во моментот на гласање имаше 63 пратеника.

Гласале 59 пратеника, за гласале 58, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека м-р Рухи Бакиу е именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски држави за научна и технолошка соработка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски држави за научна и технолошка соработка.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата присуствуваат 73 пратеника.

Гласале 59 пратеника, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски држави за научна и технолошка соработка.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (фаза ИИИ), кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (фаза ИИИ), кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, сите 65 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, сите 66 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Претседателе, јас сакам по втор пат да укажам на пленарна седница на Собранието дека по мое видување една од клучните комисии, ако не и клучната Комисија на ова Собрание, а тоа е Комисијата за финансирање и буџет веќе шест или колку месеци воопшто не може да работи и сите закони, меѓу кои и овој, не можеме да ги разговараме со Владата, затоа што е несоодветно сега да поставуваме прашања, да разговараме за закони на пленарна седница каде нема никаква смисла за деталите.

Сега следат и други точки на оваа седница и на наредните, Комисијата никако да седне да работи. Секогаш е истата приказна која мислам дека ви е позната што се случува. Не мислам дека вие имате волшебно стапче затоа што и јас сум бил во вашата ситуација со една комисија, меѓутоа, тогаш не била Комисијата за финансирање и буџет, била Комисија, нека не ми замерат колегите, од помало значење.

Мислам дека треба нешто да направите Комисијата да функционира, а за законот ние ќе гласаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека е совршено на место вашата процедурална интервенција, сметам и не гледам друго решение дека тоа треба да се реши со новиот Деловник кој наскоро ќе стигне на дневен ред.

Друго решение, за жал, не гледам не дека не сакам да го видам, туку не го гледам, просто така е.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, сите 66 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање, наменет за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (фаза ИИИ), кој ќе се склучи помеѓу Македонска банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за именување на Јавен обвинител на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, министерот за правда нема да има воведно образложение?

До колку нема аргументи од страна на министерот, тогаш во име на пратеничката група, а согласно Деловникот член 79, барам еден час пауза да се обидеме, одлуката на Владата што била на 9 јануари, а на 11 јануари ја испратила до Собранието со заклучок на 24 јануари да биде седницата, некако да се подготвиме и да дискутираме.

**Љубиша Георгиевски:** Колку барате пауза?

**Јани Макрадули:** Еден час, голема пратеничка група сме.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, еден час пауза.

(Пратениците отидоа на пауза во 12,41 часот)

(По паузата седницата почна во 14,41 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги зазамат свиоте места.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги зазамат свиоте места.

Продолжуваме со расправата.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министре Маневски, почитувани колеги пратеници,

Денеска, како точка на дневен ред Владата му предлага на Собранието да избере нов јавен обвинител на Република Македонија . Сметаме дека и со денешната постапка Владата на Република Македонија прави прекршок на правните процедури, прави директен упад во правниот систем на Република Македонија , затоа што нема никаков правен основ за отворање на една ваква процедура денеска.

Оваа обврска на Владата произлегува од уставните амандмани што ги усвои Собранието на Република Македонија , кои се составен дел на Уставот и кои предвидуваат дека изборот, надлежностите, разрешувањето, функционирањето и надлежностите на јавниот обвинител ќе се уредат со нов закон за Јавно обвинителство што треба да го донесе Собранието во определен рок и што се носи, за разлика од стариот, сега со дво третинско мнозинство во Собранието.

Кога говоревме за разрешувањето на претходниот или последниот јавен обвинител, СДСМ и тогаш, како основно нешто за почеток на било што се повикуваше на законите и на процедурата, бидејќи од тоа почнува и завршува се. Ние велевме дека, доколку постапувате спротивно на уставот со јавниот обвинител, уште на почетокот ќе му навлечете една огромна хипотека, а од друга стран декларирајќи се како Влада дека ќе се борите за намалување на криминалот и корупцијата, за неселективен и непристрасен пристап во таа борба, што е многу битно, вие веќе сега не оддавате таков впечаток. Бидејќи на сила, не знам кој е вистинскиот збор, дали на сила или многу лесно го кршите највисокиот акт во државата, а тоа е Уставот, па сега би го поставиле прашањето, ако оваа Влада се однесува така кон Уставот, тогаш каква правна сигурност, каква правна држава, што е пак предуслов за многу други работи во државата за спроведување на многу други работи, како ќе се однесува кон останатите закони што важат за сите граѓани? И, дали за ова прекршување на Уставот, на крајот на краиштата, некој ќе одговара? Дали тоа ќе биде предлагачот, дали тоа ќе биде Владата во целина или можеби, и кој ќе ја покрене таа постапка за одговорност, затоа што вие сте на власт? Секако, тука постојат институции, независни институции во Република Македонија кои што, можеби, и експертска јавност која што ќе го даде своето мислење и веќе го дадоа, меѓутоа Владата остана глува и натоа. Или можеби, сигурно не очекувате да, ако навистина кандидатот што го предлагате е толку независен и непристрасен, па откако ќе го изберете самиот да го покрене и ова прашање дали некој ќе одговара за кршењето на Уставот на Република Македонија? Или тоа Владата, онака по слoжбена должност, па никој ништо не и може затоа што е на власт и затоа што ги има полугите на власта под своја контрола.

Мислам дека е тоа лош пример и лош негативен преседан во Република Македонија што ќе ви остави уште една црна дамка во вашето работење и заложбите за правна држава и принципите на владеење на правото.

Имено, уште кога говоревме за разрешувањето на јавниот обвинител, рековме дека, поточно вие не обвинивте дека се криеме зад процедурата. Ние не сакаме да бидеме адвокати на некој носител на функција. Сакаме да бидеме адвокати и заштитници на правото и на правниот систем во Република Македонија. Тоа значи дека, ако тогаш велевме дека ќе влезете во еден правен вакум со разрешувањето, тогаш во ред, имате мнозинство, легитимно е, политички, донесете одлука, ќе го разрешите. И, тоа бидна.

Меѓутоа, рековме што понатаму? Како ќе се извлечете од тој правен вакум од кој реално нема излез одколку вака и со натамошно прекршување на Уставот да си ја истерата политичката агенда? Тоа не е во ред.

Не само што немавте право на такво нешто при разрешувањето, туку поголемиот проблем дојде на виделина сега, при изборот. Во нашиот правен систем Уставот има највисока вредност, највисока правна сила. Во услови кога самиот Уставен закон за спроведување на Уставот предвидува една преодна одредба, каде што се дава рок од 9 месеци за донесување, за

спроведување на обврската од амандманот 30 на Уставот за донесување на нов закон за Јавно обвинителство според кој ќе се врши изборот и тоа внимавајте не само изборот, тука Уставот говори за надлежностите на Јавното обвинителство, што можеби сосема ќе се изменат, за начинот на функционирае, организационата поставеност итн, тин.

Во услови кога немаме закон за јавно обвинителство, што исто така предвидува формирање на јавнообвинителски совет што треба да даде мислење за новиот кандидат вие директно го прекршувате Уставот.

Во услови, како што кажав, во услови кога Уставот има највисока правна сила , во тој дел, во овие одредби од амандманот 30 го дерогираат постојниот Закон за Јавно обвинителство донесен во 2004 година во делот за избор и разрешување. Тој Закон ви е практично не применлив. Во услови кога има правен вакум, како што е сега ситуацијата , бидејќи не се потрудивте во овие 6 месеци откако сте на власт да го донесето новиот закон за Јавно обвинителство, има правен вакум и не е регулирано законски тоа прашање за изборот и разрешувањето, значи треба, според сите правни стандарди директно да го примените Уставот, односно аманддманот 30. А, амандманот 30 ве обврзува да донесете нов закон.

Е сега, што е проблемот? Како власт, бидејќи цензусот за донесување на новиот закон за Јавно обвинителство е зголемен од просто на квалифицирано мнозинство, значи на 2/3, сега не ви одговара да отворите една таква дебата во Собранието и да се соочите со опозицијата. И тоа е еден од недостатоците или од манипулациите што ги прави новата власт.

Зошто се плаши да се отвори дебатата за донесување на новиот закон за Јавно обвинителство? Дали, можеби, затоа што нема да има толку комотна ситуација поради цензусот потребен за донесување на законот, па ќе мора да ги слуша и забелешките на опозицијата? Вака вие, со цела одговорност тврдам дека сакате на мала врата, буквално, да изберете јавен обвинител по ваша мерка и џабе беа сите тие силни дискусии кога бевте опозиција, а кога ги носевме измените на Уставот, кога се залагавте па и тогаш и во изборната кампања подоцна, кога се залагавте, кога говориме за правосудството, за Обвинителството, за независни институции, за самостојни институции, за непристрасна борба против корупцијата. Овде имаме се, имаме самоволие, имаме прекршување на процедурите и на законите, само немаме желба за непристраснот.

Затоа што вашата кампања до сега и вашето владеење се сведува на чист маркетинг. Видовме што направивте со процедурите, видовме како ги применувате законите, видовме според вас по кои стандарди треба да функционира Министерството за внатрешни работи, сето тоа го видовме со специјални ефекти. Навистина, сега сте овде, во Собранието и морате да се соочите со поинакво мислење, со критиките, со образложенијата, со фактите и со аргументите на опозицијата. Ние мислиме поинаку. Знаеме дека сте во полн налет и ви делуваат смешно критиките на опозицијата, меѓутоа верувајте, многу брзо работите можат да тргнат со поинаков тек.

Ова не е добро за Република Македонија да самите им ставаме хипотека на институциите. Ако сакаме да бидат независни институциите, тогаш навистина не знам како би постапувал новиот јавен обвинител да речеме за самиот себе, за својот избор, затоа што Владата го прави тоа. Или, ќе има толку многу доблест и непристрасност па да го оспори владиниот избор, затоа што е прекршен Уставот.

Немојте да се чудите зошто после стигнуваат критиките до власта од сите страни за немање дијалог, дијалог премногу често го употребуваме тој збор, можеби звучи веќе сувопарно, немање на комуникација, на основна соработка, јас би го нарекол, со опозицијата. Значи институциите во Република Македонија ги градиме, ги чуваме сите. Тие се институции и на опозицијата. Без разлика што Уставот ви го дава правото, како Влада, да како власт влијаете и вие да го вршите, со вашето мнозинство, изборот на јавен обвинител, сепак тој не може да работи само за Владата. Тој мора да работи и да постапува во името и за сите граѓани во Република Македонија. И за опозицијата подеднакво. Тоа е институција на државата, Република Македонија, што треба да функционира со исти аршини, без разлика кој е на власт.

При крајот, како Министерството за правда, како предлагач и вие министре Маневски, како прв поранешен антикорупционер, како поранешен човек кој ја извршувал работата и во Јавното обвинителство не верувам дека не ви се познати овие работи. Меѓутоа, не можеме да ги менуваме, еднаш кога сте во опозиција, вашата политичка опција, иако тогаш се деклариравте за независен, сега добивте политичка функција, но и тоа е легитимно и дозволено, меѓутоа не може во една ситуација да се декларирате како дежурна совест на државата, а сега свесно да ги прекршувате законите и Уставот. Дали вие, како предлагач, далил од вас произлезе оваа иницијатива, дали од Владата, од премиерот? Дали, доколку сте мислеле поинаку, како правник пред се, кој подобро ги познава законите од премиерот, дали сте се спротивставиле на ваквото нешто?

И на крајот, една друга работа, зошто 6 месеци после поминувањето на уставниот рок за донесување нов закон за Јавното обвинителство не го донесовте овој закон? А, сега бирате јавен обвинител?!

Кога веќе го прекршувате законот сега, зошто тоа не го направивте порано и така имавте намера да го прекршите Законот? Зошто 6 месеци ја оставивте Република Македонија без прв човек

на една од клучните институции во државата? Зарем тоа не ви беше основното мото во кампањата да направите непристрасни и независни институции? Што чекавте? Дали во меѓувреме се двоумевте дали треба да биде странец и на него како и на Ташковиќ и на Самак да им ги плаќате долговите и кредитите или, дали, можеби до вас допреа мислењата на некои од професорите, има и отворени писма до Владата, од Правниот факултет . . .

**Љубиша Георгиевски:** Жалам, овде мора да прекинете, дојде времето за пауза.

**Борис Кондарко:** Се извинувам, привиршувам, го имам предвид времето.

Да заклучам, кога целата експертска или експерската јавност јавно ви укажа во отворени писма дека нешто не е во ред, дека на неуставен начин постапувате, вие останавте неми на тоа. И сега, со чиста совест и кренато чело, како ништо да не се случило, како да не постои опозицијата, игнорирате се од државата и излегувате со еден ваков предлог.

Повторувам и завршувам, се извинувам, единствен начин да излезете и да се спасите од овој срам со кој го кршите Уставот е да го повлечете предлогот и да отворите дебата во јавноста прво заеднички да го донесеме законот за јавно обвинителство, па потоа сите заедно да избереме јавен обвинител по мерка на оваа институциија, кој навистина независно и непристрасно ќе ја извршува својата должност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Пауза до 15,00 часот, потоа продолжуваме со расправата.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).
**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Дали некој од пријавените сака реплика?

Благородна Дулиќ има процедурално.

Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Се повикувам на кршење на одредбата од член 87 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, каде што е пропишано дека говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред. Понатаму, пропишува, ако говорникот се оддалежи од прашањето што е на дневниот ред, претседателот на Собранието ќе го повика да се придржува до прашањето што е на дневниот ред. Ако говорникот и по повторно повикување не се придржува на прашањето што е на дневен ред, претседателот му го одзема зборот. Што сакам да кажам? На дневен ред денес ни е Предлог за именување на јавен обвинител на Република Македонија, по Предлог на Владата на Република Македонија на Собранието му се предлага за Републички јавен обвинител да го именува Љупчо Швговски, заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство - Скопје. На оваа постапка и претходи одлука за огласување на Јавен обвинител на Република Македонија и тоа на седницата одржана на Собранието на Република Македонија на 13 декември 2006 година. Сите овие работи што беа дискутирани од колегата Кондарко во неговото излагање беа апсолвирани на седницата одржана на 13 декември 2006 година и тогаш се оцени дека постои Закон за јавно обвинителство врз основа на чии одредби се води постапка за именување на Јавен обвинител на Република Македонија и дека е тоа во согласност со Уставот на Република Македонија. Сите дискусии на оваа тема се апсолвирани на таа седница и повеќе враќање од тоа нема, затоа што падна одлука да се овласти именувањето на Јавен обвинител на Република Македонија, што е и сторено во огласот во Службен весник на Република Македонија бр. 131 од 15 декември 2006 година и врз основа на тоа од предложените кандидати, од пријавените кандидати, Владата на Република Македонија се одлучила за господинот Љупчо Шврговски. Според тоа, на денешната седница може да се дискутира и да е во согласност со дневниот ред, единствено за личноста на господинот Љупчо Шврговски односно дали истиот одговара за вршење на оваа висока функција во хиерархијата на обвинителството. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Се согласувам со тоа што го кажавте и јас би ги замолил пратениците да зборуваат за делот кој е предложен како точка на дневен ред.

Процедурално има пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Бидејќи, бев спомнат и од колешката и процедуралната забелешка се однесуваше на мојот претходен говор. Навистина, ќе бидам многу краток. Разочаран сум и навистина сметам дека ова е нечуено и невидено, затоа што истата колешка што сабајлево на седница на Законодавна правната комисија ги искажа зборовите токму кога јас говорев дека малтретираме што говориме и дека не може да не трпи, сега уште треба да не избрка од Собранието. Навистина, ова е недопустливо вакво непристојно, недолично, непрофесионално, некултурно однесување во Собранието. Јас размислував официјално да се обратам до Парламентот или до претседателот на Собранието со барање за извинување за инцидентот што денес го предизвика истата колешка. Ако вака продолжиме, ќе треба да го укинете со новиот Деловник правото на збор и на глас на опозицијата и комотно апсулутистички да продложите да владеете. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Во таа насока јас би ги замолил сите пратеници да внимаваат за дигнитетот на Собранието на Република Македонија и за дигнитетот на другите пратеници. Не го оспорувам вашето право да се обратите до претседателот на Парламентот.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор пратеникот Владо Бучковски. Повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги и колешки пратеници.

Најпрвин јас да го искажам своето разочарување за начино на кој денес го бираме Јавниот обвинител. Мислам дека, како што спомнав уште на почетокот некој намерно на колегата Шврговски сака уште на почетокот да му воспостави хипотека и со таа хипотека да биде јавен обвинител во периодот кој претстои. Тука без пардон ќе говорам, мислам дека хипотеката денес му ја воспоставува министерот за правда. Понатаму, ќе говорам многу помалку за колегата за кој имам исклучително високо мислење и за жал, начинот на кој го бираме ќе ме доведе и мене во позиција да го почитувам ставот на СДСМ и на моментот на гласањето да не присуствувам на гласањето заради повредената процедура. Значи, станува незамисливо на денот на кој одбележуваме 100 дена без јавен обвинител, на овој начин да го бираме јавниот обвинител. Мислам дека ќе беше добро, претходно беше пријавен и верувам дека оваа моја дискусија ќе го испровоцира министерот за правда, тој да ни објасни како е да се биде јавен обвинител 100 дена. Бидејќи сите, тоа го говорам овде отворено, сите показатели наведуваат на изминатиот период некому одговараше јавното обвинителство да биде обезглавено и дека приказната за странец јавен обвинител беше само маневар. Министерот Маневски, семејството Маневски да завладее со системот, кој во овој момент е систем кој мора да функционира беспрекорно, а тоа е правосуднито систем. Значи, хаосот кој беше создаден во обвинителството, сметам дека е намерно направен. И, денес, за жал, почитувани пратеници, тој хаос продолжува. Тој хаос продолжува, а јас ја користам оваа прилика најпрвин да се извинам на дел од моите колеги на Правниот факултет и дел на колегите од Министерството кои ги доведов во заблуда на прашањето во понеделникот како Владо Бучковски или СДСМ ќе се однесува при изборот на јавниот обвинител, јас реков таква точка на дневен ред нема. Мислам дека ова, почитуван потпретседателе, говори за несериозноста на претседателот на Собранието. Не сакам вас да ве обвинвам за ова, но реално ако Владата барала денес да расправаме, мислам дека има многу повеќе причини тоа да го знаевме пред неколку дена и да се подготвевме сериозно, затоа што мислам дека во моментот во кој се наоѓа Република Македонија е исклучително сериозен. Само што заврши една од средбите на дел од пратениците со НАТО делегацијата на која ни е посочено дека овој хаос кој што е создаден во Република Македонија во делот на реформите во правосудството, не одалечува од стратешката цел, а тоа е догодина да добиеме покана за членство во НАТО. Јас не можам да сфатам кои беа причините од 10 октомври кога го разрешивме Александар Прчевски, спротивно на процедурата, спротивно на Уставот во овој париод, Министерството за правда, пред се министерот за правда не превзема ништо. Како прво, гледајќи легалистички да ја продолжи примената на уставниот закон за спроведување на уставните амандмани, за да не бидеме доведени во ваков вакум и како второ, зошто досега не го донесовме новиот закон за јавно обвинителство. Тоа можеби говори за стравувањето дека во овој момент нема двотретинска подржка од Парламентот, но мислам дека брзањето токму денес да го избереме колегата Шврговски за јавен обвинител, нему му создава една бариера, која тешко во периодото кој претстои ќе ја надмине.

Како прво, бидејќи сакам да говорам за него, го поздравувам неизнуденото негово признание дека со политичарите нема ништо, дека има само блиски пријателски врски 20 годишни со семејството Мијалкови. Тоа е многу чесно да се каже. Тоа е многу чесно, за да не биде од СДСМ или некој од опозицијата исчепкано како токму колегата Шврговски се најде на ова место. Но, од друга страна начинот на кој денес сакаме да го избереме колегата Шврговски, мене ми отвора неколку дилеми за кои сакав отворено да говорам.

Прво, колегата Шврговски влегува да биде јавен обвинител без јасна претстава, какви ќе бидат неговите ингеренции. Ако ги има ингеренциите како што досега ги имаа Прчевеки, Џихов, Павлески, тој ќе биде исто така неуспешен јавен обвините, што и вие го признавте, почитуван министер за правда, а тоа го призна и претседателот на Владата. Тоа е запишано и во она програма за работа на ВМРО-ДПМНЕ. Вие мислевте дека единствената волшебна формила е да биде странец јавен обвинител. Кога видовте дека тоа е една голема небулоза, иако морам да признам вие никогаш јавно не дадовте изјава за тоа, затоа што знаевте дека е невозможно. невозможно беше во ситуацијата некои истакнати правници кои имаат дури и докторска титула, но немаат положено правосуден испит според овој Закон за јавно обвинителство да бидат јавни обвинители, а многу милуваат. Вие знаете за кого говорам, многу милуваат, а камо ли пак јавен обвинител да донесеме странец кој не го познава нашиот систем, кој не го познава јазикот, а јас ви тврдам дека нема совршен преведувач на англиски, италијански или од друг јазик кој може во дневната преписка да му помогне. Кога го создадовме сега овој хаос, кога немаме можност да разграничиме каков јавен обвинител бираме. Дали јавен обвнинител со зголемени ингеренции или јавен обвинител кој треба да го дели обвинителството и борбата против корупцијата и организираниот криминал со одделот за борба против организираниот криминал и корупцијата. Бидејќи, јавната распава се уште тече и според она што јас многу добро го знам, тоа многу добро го знае и поранешниот министер за правда, кој гледам дека исто така ќе говори, го знаат и колегите и сме разговарале. Ние немаме јасен

концепт во кој правец ќе одат измените. Уште повеќе што говориме дека согласно Твининг програмата што ја имаме со Италијанската влада, согласно она што вие го продолживте, па и по неколкуте средби кои ги имаше премиерот Груевски и со премиерот Проди како италијанска подршка, сега говориме дека експертот или советникот ќе биде во одделот. Значи, во овој момент јас не знам дали повеќе треба да водиме сметка каков е Љупчо Шврговски како правник. Сите велат дека е одличен. Јас можам да кажам врз основа на она мое кратко познавање што го знам, бидејќи тој е постар од мене две години и јас исто во 1986 година и Трајко таа година сме дипломирале на Правниот факултет и можеме да говориме како за колега, како се развивал, а многу подобро знаете вие, господине министер, затоа што вчера јавно на телевизијата дадовте позитивно мислење за него. Не гледам причина зошто денес да не го образложите предлогот, затоа што мислам ако говориме само за Љупчо Шврговски, денес ќе чуевме многу добри работи. Но, бидејќи некој се задскрива зад сето ова и овде создава дополнителен хаос, сме доведен во позиција повторно да говориме за процедурата. А, бидејќи велиме дека процедурата е атрибутот на владеење на правото, ако е повредена процедурата, тогаш немаме владеење на првото. И тоа денес, почитувани пратеници, нас ни се случува. Повторно ние треба да бидеме соучесници во нешто што не треба да се случува во една држва која претендира да биде час поскоро поканета за членството во НАТО, час поскоро да ги отпочне разговорите за полноправно членстов во Европската унија. Зошто сето ова се случува? Мислам дека одговорте, за жал, нема да ги добиеме. За жал, вечерва, бидејќи јас претендирам ако не го даде предлогот мнозинството ние да го дадеме предлогот, десетина пратеници од опозицијата вечерва ние да го избереме јавниот обвинител. Затоа што, веќе е извесно дека на Македонија и треба јавен обвинител. Јавен обвинител кој ќе направи, почитуван министре, ред и со овие ингеренции кои ги има, а не да се остави вакум, каде што никогаш не видовме тој фамозен, што вие велите дека, иако ние тоа го споревем, дека има прв човек на јавното обвинителство. Јас ви тврдам дека нема и дека тоа, пред се, вам ви одговараше. имајќи предвид што се се случуваше во изминатиот период и на кој начин се обиде некој да ја злоупотреби извршната власт и да се направи директен притисок врз неколку случаи кои ги отворивте, пред се, кон судската власт и кон истражните органи. Значи, од хаосот може да излеземе низ една конструктивна расправа денес, но за жал, бидејќи го немаме новиот закон за јавно обвинителство, бидејќи немаме проценка кога ќе биде донесен, јас не можам да гарантирам дека одличниот правник и веројатно според мислењето на обвинителството затоа што има мислења од многу мои колеги обвинители кои тврдат дека реално Шврговски е добар кандидат, не можам да тврдам дека добриот кандидат ќе биде и добар јавен обвнинител, бидејќи не ги знам решенијата кои треба да бидат решења кои ќе ја зацврстат неговата улога. Имајќи предвид дека во овој вакум кој е создаден, го немаме и законот за Советот на јавни обвинители, Владата не претендирала директно да ги примени уставните амандмани и од овој Совет сега што го имаат јавните обвинители, барем да го имаше во прилог нивното мислење, кое според моите предвидувања ќе беше позитивно. И, многу ќе ја олеснеше работата во целата оваа, според мене, несакана ситуација во која повторно се наоѓаме. За да не должам повеќе, мислам дека денес Парламентот треба, ако има кворум, жалам што јас навестив кој е ставот на СДСМ, ние во знак на протест заради повредената процедура ќе апстинираме од гласањето, гледајќи дека во салата нема, според моја проценка од владеачкото мнозинство, повеќе од 40 пратеници, повторно покажуваме колку Република Македонија, не само Парламентот туку и парламентарното мнозинство е несериозна за едно вакво крупно прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Буџковски,

Реплика има министерот за правда, Михајло Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Господине потпретседателе, почутувани дами и господа пратеници.

Најпрвин ќе започнам со тоа што беше овде искажано дека Предлогот што го утврди Владата за именување на јавен обвинител на Република Македонија, господинот Љупчо Шврговски е одличен правник и тоа мислам дека е добро. Добро е тоа да се слушне. Значи, Владата практично утврдила решение на еден одличен правник кој што дава гаранција, дека со успех ќе ја врши функцијата Јавен обвинител на Република Македонија. Мило ми е тоа што го слушнав и мислам дека тоа секако е едно признание за Владата, која што успеала да утврди еден ваков предлог, врз основа на јавно објавениот оглас за именување на јавен обвинител. Јас би сакал, сепак, некои работи, со оглед на тоа дека многу се инсистира на процедура, се кажуваат и големи зборови дека се крши Устав, дека се криши Закон, мислам дека тоа е право на пратеникот да говори и за тоа право никој нема право тоа да му го одземе. Тоа е негово мислење и тоа треба да се почитува. Еве, господинот Буџковски кажа дека 100 дена јавното обвинителство е без јавен обвинител. Господинот Кондарко ги спомна 6 месеци, иако уште оваа Владата не е 6 месеци на власт, но секако дека очигледно е она што мислам дека треба да се каже е тоа дека кога се говори за Устав и Закон, треба да се читаат така како што во нив пишува. Во членот 3 од уставниот закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија се говори дека најдоцна во рок од 9 месеци од денот на прогласување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија ќе се донесе закон за изменување и дополнување на Законот

за Јавното обвинителство. Во уставниот амандман 30 говори за закон за јавно обвинителство кој се донесува за двотретинско мнозинство. Законот за кој овде се говори дека не треба да се донесат измени и дополнувања, не е донесен со двотретинско мнозинство, туку е донесен со обично мнозинство.

Уште една работа кога веќе се говори за некаков правен вакум, а мислам дека за правен вакум не може да стане никоков збор, која е таа држава која што овозможува правен вакум и непримена на законите, заради тоа што во членот 5 од уставниот закон јасно се говори до усогласувањето на законот за јавното обвинителство, овде се говори на закон за јавното обвинителство, а не се говори како во членот 4 за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, сепак сакав да ви кажам колку се водело сметка за донесување на овој закон. Во секој случај мислам дека ќе имам прилика да одговорам и на други прашања, но сепак треба да се води сметка дека законот за јавното обвнинителство е во важност и дека тој закон се применува се додека не се донесе новиот законт за јавно обвинителство кој е во процедура во прибавување на експертски мислења, кој е доставен и до Венецијанската комисија, до многу органи и до многу институции. Секако, Владата води сметка за донесување на овие закони во роковите што ги пропишале. Ако можеа овие закони да се донесат за три месеци или два месеци, како што овде некој сака да инсистира, тогаш треба да се постави прашањето, зошто пак уставниот закон предвидел рок од 9 месеци за закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство.

Јас мислам дека некои прашања треба да се гледаат во нивната суштина. Очигледно дека не треба да се претерува во квалификации кои што не би смеело да се слушнат, барем од оваа говорница, да се споменуваат семејства и да се споменува било што, било какво владеење. Ние ќе се бориме единствено за владеење на Законот и од тоа нема да отстапиме.

**Бесим Догани:** За контрареплика се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе,

Очекував министерот за правда да одговори на клучното прашање зошто 100 дена Македонија немаше јавен обвинител. Прецизно пресметав, на 10 октомври го разрешивме Александар Прчевски. На 13 декември минатата година, значи требаше да поминат 2 месеци за да биде распишен Јавен оглас. Јас тврдам, времето ќе покаже, некој ќе биде илустриран, можеби нема да биде илустриран, ќе покаже времето дека некому одговараше овие 100 дена да немаме јавен обвинител. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

За жал јас ќе го констатирам истото што го констатираа и пратходните излагачи дека овде не се почитува процедурата. Секако дека би било добро и би било во ред најнапред да се донесе законот за јавно обвинителство и понатаму законот за советот на јавни обвинители и потоа да го избереме јавниот обвинител на Република Македонија.

Јасно е дека овде се случува токму спротивното. Јас ќе го кажам тоа што го кажамандманот во текот на разрешувањето на поранешниот обвинител, господинот Прчевски, дека оваа Влада или ова мнозинство манипулира со граѓаните или манипулира мандатарот со тоа што вети дека ќе донесе стручњак од надвор, странец, стручњак докажен од државите каде има искуство, кои имаат големо искуство во насока на справувањето со организираниот криминал итн. И јасно е дека овие ветувања кои се дадоа на граѓаните ниту се случија, ниту ќе се реализираат, затоа што јасно се гледа со овој предлог за именување на јавен обвинител дека актуелното парламентарно мнозинство стреми или си оставило за должност да предложи лица кои знаат да ги прифаќаат и спроведуваат директивите кои доаѓаат од повисоко, или актуелната личност е еден од тие кој е предложен, која личност во оваа насока се докажала себе си како таква дека знае да ги спроведува директивите кои доаѓаат од страна на Владата или од политичките партии итн. Го велам ова од причина што доволно е да се види минатото на ова лице или во неговата биографија да се види дека е докажан во борбата против тероризмот итн. Јас ќе ги потсетам граѓаните и се разбира колегите пратеници дека случајот во Арачиново каде непосредно беше во судскиот процес кој се одвиваше во тоа време на директен начин учествуваше и Љупчо Шврговски семејството Асани претрпе еден млад Лирим Динарица и се разбира семејството Асани речиси се уништи. Без нивна вина се приведоа, се држеа во затвор и на крајот се ослободија како невини. Се поставува следното прашање каков беграун има тогаш кандидатот кој го предлага Владата.

Или пак вториот случај каде повторно беше непосредно вклучен во судскиот процес како непосреден автор случајот Раштански лозја. Не случајно го велам ова затоа што било јавноста, или надворешниот фактор добро зане како се монтира тој случај, добро знаеме, го знае и актуелниот минисер и ова и како заврши таа судска постапка. Јасно се гледа дека лицето кое се предлага, тоа што го реков претходно е лице кое знае, што е докажано во оваа насока без да го спроведува сето тоа што му се наметнува и кажуа независно од кој центар му се налага во дадениот момент кога му е дадена наредба да постапува на тој начин, или има постапувано во судските органи во Република Македонија.

Имајќи ја во предвид актуелниот министер нашата убеденост, не дека се зголемува, туку ние сме длабоко убедени дека оваа Влада ниту има

намера да се справи со организираниот криминал, го велам ова од причина што актуелниот министер кој ни го предлага овој предлог јавноста го познава како министер во времето на монизмот како еден добро прочуен човек од тогашните кругови кои му наложиле да ги осудува Албанците и покрај другото е познат како министер кој ја даде наредбата да ги урива дворовите и оградите на Албанците. Значи пораката и со овој предлог кој доаѓа од страна на оваа Влада е сосема јасна. Оваа Влада или овој мандатар со овој актуелен министер и се разбира со неговата екипа ке оди до крај во дискриминацијата на тоа што е, или подобро да кажам во дискриминацијата на Албанците. Но, сега во време на плуралниот систем сигурно дека не може да го направи тоа ниту овој минситер, ниту предлогот кој ни доаѓа за јавен обвинител на начин како што беше во времето на монизмот, затоа што сега имаме поинакви патишта.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓа Мери Младенова Георгиевска.

**Мери Младенова Георгиевска:** Господин потпретседател, господин министер, колеги пратеници,

Не можам а да не го споменам односот на Владата спрема важните теми и важните прашања за кои што се расправа овде во Парламентот. Навистина ќе констатираме дека се случува своевиден парадокс. За важни прашања, за прашања за кои што и граѓаните навистина нетрпеливо очекуваат да бидат овде разгледувани во Парламентот, би рекла преку ноќ се покренуваат дискусиите без најава и без оставање на соодветен простор за подготовка на дискусиите.

Но, навистина ме чуди фактот што Владата како свои приоритети постојано ги споменува прашањата поврзани со економијата, значи од економската сфера, но како што денес истакна колегата Најдовски во својата дискусија при утврдување на дневниот ред тие прашања секогаш се наоѓаат на долниот дел од листата на дневниот ред, иако често пати овие прашања се доставуваат во Собранието некогаш и подолго пред рокот кој го предвидува Деловникот.

Тука се наметнува дилемата дали ова се прави намерно или не. Но, се повеќе верувам од она што се случува секојдневно тука дека сите овие работи не се случуваат без намера. Напротив се прават намерно со цел јавноста или власта пред јавноста да добие алиби дека економските прашања се кочат затоа што опозицијата долго дебатира и тие прашања не можат да дојдат како точки на дневен ред.

Јас по излагањето на колегата Најдовски денес очекував дека колегите од позицијата ќе ги имаат предвид овие укажувања, па можеби некој ќе се предомисли и ќе каже -да, навистина ние како претставници од мнозинството се бориме за овие прашања, дајте да ги разгледуваме побрзо. Но, тоа не се случи. Со ова навистина констатирам дека кај власта поголема е желбата да се девалвира опозицијата отколку нешто позитивно да се направи. На пример за наметнување на ставовите, па дури и во процедурална смисла на мнозинството во Парламентот е начинот на кој се постави прашањето за именување на јавен обвинител во Парламентот.

Ние пратнеиците од опозицијата до моментот на започнување на седницата денес бевме подготвени за законот што сите актуелно го нарекуваат Законот за илустрација, се соочуваме со нешто друго, дебатираме, за сосема други прашања. Нашиот координатор непосредно пред седницата на Координацијата во последен момент му е соопштено дека дневниот ред ќе се дополни со точка именување на јавен обвинител. Значи, сосема, би рекла неодговорна. Би потсетила и на тоа како се одвиваше оваа постапка. Не можем да го одбегнеме ова иако колегите од позицијата не опоменуваат дека треба да разговараме за предложениот кандидат. Ова е Парламент и ние како пратеници имаме право да зборуваме за сите прашања што се поврзани со изборот односно со именувањето на јавниот обвинител на Република Македонија.

Во октомври месец беше разрешен претходниот обвинител, иако постапката започна веднаш во септември месец откако стапи новата влада на функцијата. Долго немаше конкурс, како што го кажаа тоа и претходните колеги, со објавувањето на конкурсот во декември месеци, после два месеци имавме добиено предлог во Собранието од Владата на 15 јануар, на 17 ни е доставено за денес, 24-ти без никаква најава да биде разгледувана како точка на дневниот ред.

Во меѓувреме не се случи ништо ново во однос на законските обврски, обврските кои што ги имаше Владата и сеуште ги има во однос на изготвување на законот за јавно обвинителство и законот за совет на јавни обвинители, а во уставните амандмани е предвидено дека јавниот обвинител се избира во Собранието на предлог на Владата по мислење на советот на јавните обвинители. Во моментов немаме преточување на уставните амандмани односно одредби во закон, меѓутоа иако позицијата постојано вели се применува стариот закон, за тоа многу издебатиравме претходно, но јас ќе споменам дека има и нешто што се нарекува морал, нешто што се нарекува обврска и нешто што се нарекува принцип на владеење на правото. Ние треба по постапката за именување на јавен обвинител во Парламентот да покажеме дека обвинителите не ги делиме почитувани колеги на ваши и наши, овде се именува обвинител на Република Македонија што ќе ги штити интересите на државата онака како што е предвидено во Законот за јавно обвинителство. Принципот на владеење на правото сите знаеме дека е еден од основните копенхагенски критериуми и дека е призната низ која се разгледува и се оценува напредокот на Република Македонија во процесот на Евроинтеграцијата. Ние што правиме? Наместо да покажуваме дека се повеќе се јакне овој

принцип во Република Македонија ние имаме еден ретрограден процес кој покажува дека се помалку се почитува овој прицнип на владеење на првото, за тоа што дури на крајот на краиштата ако не знае, не може Владата да предложи закон за јавно обвинителство и закон за совет на јавни обвинители треба тоа да го признае и во една друга полесна процедура да направи измени и дополнувања на уставниот закон за спроведување на амандманите со што ќе го помести рокот за изготвување на новиот закон за да кажеме дека се почитува принципот на владеење на правото. Значи, не се оценуваат законите какви се, туку како се имплементираат законоите. Не смееме да заборавиме дека Република Македонија се повеќе се разгледува од аспект на примена на законите, колку тоа што сме го донеле овде во Парламентот се применува и во праксата. Не смееме да бидеме независни од тоа дали сме претставници на власта или претставници на опозицијата. Тоа е државен интерес. Но, она што овде се случува значи владеење на силата на волјата, а не на силата на законот. Силата на волјата е јасна, бидејќи дури и колегите од позицијата немаат потреба ни да ги слушаат нашите излагања, тоа се покажува со неприсуството, барем во најголем дел на пратениците од мнозинството во првиот ред, но тука се граѓаните, го гледаат ова и ќе го оценуваат.

Значи во моментот имаме предлог на јавен обвинител без мислење од советот на јавни обвинители, без почитување на процедурата онака како што требаше да биде и сметам дека ваквиот начин на избор во старт му создава на предложениот кандидат поголем товар заради тоа што се губи неговата независност, се намалува. Затоа што станува очигледно дека неговиот избор зависи исклучиво од волјата на мнозинството, мнозинството овде покажува флагрантно ние ќе те избереме, а ако треба ние ќе одлучиме, ние ќе може и да те разрешиме, што сметам дека не е добро, затоа што тоа што треба да се направи во Република Македонија - јакнење на независната позиција на јавниот обвинител, а не она што сега се случува. Значи имаме избор на јавен обвинител од јавното обвинителство на Република Македонија, а да потсетиме само како беше ставот на Владата месеци наназад, и претходно во изборната кампања кога се ветуваше избор на јавен обвинител странец. Власта ветуваше дека кога ќе ја земе власта јавниот обвинител ќе биде странец. Од најразлични причини еве се повлекоа од тој свој предлог, но сега ни даваат кандидат од оние на кои што не веруваат. Значи, власта не веруваше на 193 професионалци, од кои најголемиот дел долги години работат во јавното обвинителство, максимално ги девалвира пред македонската јавност покажувајќи на сите буквално со прст дека тие се неспособни, дека тие не можат да ја извршуваат јавно обвинителската функција и сега од оние на кои што неверуваат ни предлагаат кандидат. Би рекла дека власта си игра со јавното обвинителство. Како тогаш да веруваме дека власта ќе ја поддржува и ќе ја јакне прво по законска форма независната обвинителска позиција на јавното обвинителство, затоа што предложениот кандидат е заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје. Значи, тоа ја покажува манипулацијата на власта и со јавноста, би рекла општата мимикрија што се случува.

Тоа што во моментот нема закон за јавно обвинителство и закон за совет на јавни обвинители значи дека не е битен законот, власта смета дека не треба да се направи и мене навистина ме потикнува да размислувам дека законот ќе се прави спрема луѓето. Прво, да се екипираме, да видиме кои ќе бидат луѓето што ќе бидат задолжени во сферата на правдата, почнувајќи од Владата, па понатаму на останатите функции, па кога ќе се доекипира персонално тогаш ајде ќе размислуваме според авторитетот, според позицијата која е помала на оние кои што ги вршат тие функции да се направи закон. А, каква е тогаш улогата на јавниот обвинител, професионалец дојден од јавното обвинителство во нешто што се нарекува политика. Би рекла минормно, затоа што процесот кој што го води Владата е таков. Тоа значи дека нема навистина во Република Македонија да се случи јакнење на независната позиција на јавниот обвинител. Која е улогата на јавниот обвинител?

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со законот утврдени казниви дела и врши други работи определени со закон.

Јавното обвинителство своите функции ги врши врз основа и во рамките на Уставот, на законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Јавното обвинителство функциите ги врши законито, непристрасно, објективно. Ги почитува и ги заштитува човековите права и основни слободи и се грижи кривично правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

Јавното обвинителство во вршењето на функцијата обезбедува еднаквост пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Значи Јавното обвинителство, како што спомнав функциите ги врши врз основа и во рамките, пред се на Уставот, сега ќе имаме јавен обвинител избран во постапка спротивна на Уставот.

Можеби и мнозинството се плаши од Советот на јавни обвинители. До колку е чисто во својата намера за тоа дека членови на Советот на јавни обвинители треба да бидат професионалци, мислам дека не треба да се плаши. Но имаме веќе искуство со Судскиот совет на Република Македонија и со предложените кандидати, па можеби се плашат од тоа да не им се повтори

истата постапка затоа што не е донесен законот. Ние немаме тука ни нешто што се нарекува текст, ниту работна верзија на Законот за Совет на јавни обвинители, но ова се мои претпоставки, поучена од искуството што го имаме со Советот на јавни обвинители. Затоа Владата смета дека е полесно да избере јавен обвинител без мислење од Советот на јавни обвинители, значи пред да се донесе законот, за да биде овде чиста и пред самата себе и полесно да може да ја протурка целата работа. Но времето ќе покаже, ќе видиме кои ќе бидат законските решенија, кои ќе бидат и предложените кандидати за Советот, но никако нема тоа да биде јакнење на независната фпозиција на Јавното обвинителство. Значи со ваквиот начин на предлагање на кандидатот за јавен обвинител, кој до сега е заменик јавен обвинител во Основното обвинителство во Скопје, очигледно е дека мнозинството во старт кандидатот го става во зависна положба.

Тука ќе го спомнам и прашањето за борба против организираниот криминал што исто така Владата постојано го најавува и го прокламира како свој приоритет, но прави сосема нешто друго во пракса. Тоа се виде во расправата за Буџетот кога средствата за одделот за борба против организираниот криминал беа зголемени за пет милиони денари, врз основа на амандман поднесен од мене и од колегата Борис Кондарко. Значи Владата декларира  едно, меѓутоа во пракса спроведува нешто друго.

Јас сепак, независно од она што се случува овде во Парламентот, сакам да верувам дека предложениот кандидат за јавен обвинител ќе одговори на обврските кои за јавниот обвинител се предвидени во закон и за Јавното обвинителство во целина и дека во примената на законите нема да има селективен пристап туку дека ќе постапува исклучиво, така како што предвидуваат Уставот и законите. Значи предметите каде претставници од власта се огрешиле, сториле кривично дело, сметам дека еднакво ќе бидат процесуирани, ажурирани, како и сите останати предмети. Но нас како пратеници од опозицијата ни останува правото да реагираме секогаш кога ќе имаме спротивна состојба од тоа што претставува обврска на јавниот обвинител. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јавува министерот за правда, Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Јас се согласувам дека за вакви теми и важни прашања треба да се подигнува гласот и да се бара одговор за истите. Но мене ме чуди, навистина ме чуди и не сум баш непријатно изненаден од тоа што го слушнав од госпоѓата Младеновска Ѓорѓиевска, барем како поранешен, претходен министер за правда кој ги предлагаше законите за судовите и Законот за Судскиот совет, да дигнеше глас зошто се кочат реформите на самиот почеток и зошто не се избраа петте члена на Судскиот совет. Само барем тоа да го слушнев, мислам дека ќе беше еден значаен придонес за исто така важно прашање за што се залага за важните прашања да се важно дискутира и тие да бидат ставени на дневен ред.

Второ што мислам дека е значајно да се каже е дека организираниот криминал и корупцијата кога ги спомна госпоѓата Млаедновска Ѓорѓиевска, очигледно дека не ги има предвид фактите заради тоа што за последните два-три месеци се покренати толку постапки колку што не се покренати години наназад и тоа за најсофистициран организиран криминал и корупција, за случаите за кои се водат постапките, се однесува за едни добро организирани криминални групи, познати како Бачило 1,2,3, денационализација и тн. Мислам кога се говори за овие прашања, дали има направено хаос во Јавното обвинителство, или нема хаос, треба да се имаат предвид фактите заради тоа што фактите говорат едно, а зборовите сосема друго и тие зборови не ги имаат предвид фактите и мислам дека тука работите очигледно се поставуваат на погрешно место.

Ме изненадува една изјава, власта си игра со Јавното обвинителство, или власта ако не знае или не може да направи закон, да може да предложи закон за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство.

Јас овде имам еден документ каде госпоѓата пратеник, како тогашен министер за правда земала обврска во меѓународни разговори дека законот за Јавното обвинителство и законот за Совет на јавни обвинители ќе бидат донесени во септември 2006 година. Во септември 2006 година кога дојде оваа Влада на власт, од законот за Јавно обвинителство и законот за Совет на јавни обвинители немаше напишано ни едно слово, а камо ли да бидат донесени во септември. Мислам дека фактите се тврдоглави и очигледно дека кога ќе се држиме за фактите, сепак ќе дојдеме до една констатација дека не е точно тоа дека при секое разрешување на јавен обвинител во досегашната практика и тогаш кога беше разрешен Стеван Павлески и кога беше именуван Ставре Џиков, беше разрешен Ставре Џиков па беше именуван Александар Прчески, секогаш минуваа по два, дваипол месеци. Мислам дека тоа што сега е направено, очигледно е дека Владата води сметка за состојбите и апсолутно не е точно дека ниту во однос на гонењето на делата на организираниот криминал на корупцијата, ниту во однос на функцинирањето на оваа институција дека има одредени прашања со кои би можело да се стават забелешки на оваа Влада.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре.

Една минута контра реплика за пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Да потсетам дека претходната Влада ги спроведуваше реформите во правосудството, а оваа Влада ги

кочи, за што деновиве доби сериозна забелешка од Светската банка дека треба да продолжат реформите во правосудството започнати од претходната Влада.

Да потсетам и тоа дека Законот за Судски совет почна да се применува од 1 септември 2006 година кога на власт е оваа Влада и одговорноста е на оваа Влада.

Во однос пак на организираниот криминал, факт е дека без финансиски средства не може да има оддел за борба против организиран криминал. Сериозни активности, сериозна работа, но можеби и оваа власт смета дека без пари, без тие да истражуваат, може да работат, бидејќи Владата ќе им нареди кого треба да гонат.

Во однос пак на одговорноста, по 5 јули одговорноста и за Законот за Јавно обвинителство го има оваа власт. За одговорност на претходната Влада во септември месец не може да станув збор. Но, факт е дека не им се допадна претходно изготвената работна верзија, па затоа не сакаат да ја пуштат во процедура.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Дискусијата на колешката Младеновска, сметам дека на крајот самата се искорегира кога ја отстрани дилемата дали се сомнева во личноста која денеска се предлага за Републички јавен обвинител. Мислам дека се согласува со сите нас кои сме работеле во судството, во Јавното обвинителство, дека конкретно лице кое потекнува токму од тие институции ќе може коректно да си ја врши својата работа, не треба да произлегува од нас. Јас мислам дека останува на тоа колешката дека оваа личност ја прифаќа дека може да биде иден јавен обвинител на Република Македонија. Меѓутоа, мене ме чуди нешто друго. Вели за начинот на избор на јавен обвинител, треба да чекаме закон за Јавно обвинителство, Совет и тој Совет да го избира јавниот обвинител. Господинот министер сега даде одговор на нејзината дискусија и јас во тоа нема да навлегувам, зошто до деветти месец 2006 година не се завршени тие обврски кои се презмени. Тие не се ни отпочнати. Затоа ќе кажам дека опозицијата не треба да се поставува како фактор во ова Собрание и да се наметнува над мнозинството дека нивните забелешки и нивните предлози се тие врз основа на кои Собранието мора да ги донесе своите одлуки. Тука оваа коалиција работи на начин како што таа работи, ќе ги респектира предлозите на опозицијата, но ќе одлучи така како што смета. Затоа и власт. Затоа се вели власт и затоа се вели опозиција. Опозицијата до колку сака може добронамерно да соработува преку своите предлози и критики. Но, да се вели во еден момент сега кога ние избираме републички јавен обвинител, кога е важен овој момент, бидејќи со месеци го чекаме тоа, бидејќи видовме кои се последици сме можеле да ги имаме поради немањето на челник на оваа наша многу важна институција, не само во судството туку и во државата, некоректно е тука да се потенцира дека однесувањето на власта спрема важечки теми е многу минорна односно многу игнорантска. Не е оваа најава преку ноќ за избор на јавен обвинител. Се што се случува во оваа земја, сите ние тоа го очекуваме и во ова Собрание за тоа се дискутира и токму врз основа на потребите и дискусиите, се носат одлуки. Не е важно во овој момент, не би било потребно да се истакнува дека ние со изборор на јавен обвинител го занемаруваме прашањето по однос на економските проблеми и потреби во оваа земја.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Куновска.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Јас би рекла дека некоректно е Владата да го деградира Јавното обвинителство како орган во целина, вкупно со 93 извршители на оваа функција, поддржувајќи, како што спомнав пред малку, предлог за јавен обвинител странец. Но, Владата го направи тоа. Сега во последен момент се обидува да ја исправи таа грешка, создавајќи му уште еден поголем товар на кандидатот предложен за јавен обвинител.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Се надевам дека и јас ќе дадам свој придонес во оваа атмосфера овде кога се мери секој збор на опозицијата и се обидуваме да играме на ситно и мислиме дека денес сме го зезнале СДСМ и опозицијата. Мислам дека ако час поскоро парламентарното мнозинство и Владата на чело со господинот Груевски сфатат дека со потсмев и со цинизам не се стигнува во Европската унија, тоа ќе биде добро за сите граѓани во република Македонија. Затоа мораме денес да зборуваме и процедурално, а ќе зборувам јас уште за еден хендикеп што господинот Љупчо Шврговски ќе влезе од утре, веројатно, бидејќи денес парламентарното мнозинство најверојатно ќе го избере, ако собере кворум за зибор.

На почеток да кажам дека СДСМ и пратеничката група останува на коегзистентната политика што ја водеше во однос на оваа рашомонијада во однос на изборот на јавниот обвинител и практично тоа за нас е една трета фаза и со разрешувањето и со барањето за разрешување и во сите случаи до сега, ние не учествувавме во гласањето бидејќи сметавме дека е надвор од процедурата, не сакаме да работиме ниту против Уставот, ниту против законите и затоа пратеничката група на СДСМ и денес нема да присуствува на чинот на гласање при изборот на господинот Љупчо Шврговски.

Кога ќе ја поставиме Европската агенда на маса, реков тоа нема да биде добро само за ВМРО-ДПМНЕ и за парламентарното мнозинство. Тоа ќе биде добро за сите граѓани на Република Македонија. Можеме да негодуваме, можеме да

ги пуштаме звонењата на нашите телефони, но ценењето за нашиот напредок како држава се прави врз база на реализација на конкретните барања. Ние можеме да ја обвиниме опозицијата колку и да сакаме, или да стекнеме некој ситен поен, како што денес наврат нанос е се избере јавен обвинител, но оценката нема да биде позитивна во Брисел затоа што сеуште немаме нов закон за Јавно обвинителство. Значи вие можете да зборувате колку и да сакате, можете да зборувате и за личноста, можеме и да не зборуваме за личноста, можеме да зборуваме за процедурата во Статутот, но нема да биде тоа плус во Агендката на Република Македонија за пристапување кон НАТО и кон ЕУ, или за добивање на датум за преговори со Европската унија. Затоа е контрадикторно, чудно и несфатливо, Владата одлуката која ја донела на 9 јануари, што ја завела во својата архива на 11 јануари, стигнала во Собрание на 15 јануари. Дали Ташковиќ ја прошетал до Кореја и ја вратил назад, тоа не знаеме. Четири дена одлуката од Владата, писмото заверено во архивата на Владата патува до Собранието. Дали му барале интернационални корени на господинот Шврковски, типично презиме македонско, или пак се обидувале да најдат некои други аргументи, тоа ќе остане непознаниза за јавноста, зошто четири дена писмото патувало до Собранието и кога влегло во Архивата на Собранието, на 15 јануари, сосема легитимно и согласно процедурата, можело да биде ставено на дневен ред како дополнување на седницата што ја имаме денес за 24 јануари. На крајот на краиштата тоа го барала и Владата во своето писмо. Согласно член 66 став 1 и 2 од Деловникот на Собранието, Владата му предлага на Собранието дневниот ред на седницата закажана за 24 јануари да се дополни со Предлог за именување јавен обвинител на Република Македонија. Кои се причините што Собранието се одлучило да не го почитува барањето на Владата, да ја крие до денес до 10,15 часот, Информацијата дека ќе биде денес на дневен ред, останува да процени јавноста. На сите ни е ова поен. Ќе си отидеме денес и пратениците од парламентарното мнозинство, ја зезнавме опозицијата, брзо завршивме. Не се добива поен на ситно. На Македонија и треба крупна ира. На Македонија и треба датум за преговори. Вака со овие постапки, со вакви ситни игри, не се стигнува таму каде што сакаме да бидеме. Или, останува прашањето што сите си го поставуваат, дали Европската унија и е во агендата на оваа Влада. Со тој хендикеп, без нов закон за јавно обвинителство, што беше критикуван и од страна на ВМРО-ДПМНе и кога беше изборот на Џиков, или кога беше Павлески, или кога беше Прчевски. Секогаш ние политичките партии имавме критики на политичките влијанија при изборот на истите. За жал, кандидатсиот статус на Република Македонија се доби врз база на усвоени закни и реформи и уставни амандмани, овде во Собранието. Нашиот пат ќе биде побрз до колку брзо ги имплементираме, а не да се задскриваме зад некои детски финти овде со што мислиме дека сме ја зафркнале или дека сме добиле некој плус во однос на опозицијата, па ќе нема време за долги дискусии и ние денес ќе избереме јавен обвинител.

Јас ќе се придружам до оценката што ја кажа и мојот колега Бучковски. Ќе остане дилемата, но брзо ќе биде на виделина тоа изнесено, зошто овој вакум простор од една страна имаше како некоја меѓународна активност дека бараме некој странец обвинител, но од друга страна Владата си имаше некоја своја агенда. Ниту директор за Фонд за здравство, да не го спомнувам, не е коректно, не е странец, ниту директорот на МРТВ е странец, ниту јавниот обвинител е странец. Се покажа дека тоа се приказни за мали деца.

Вториот хендикеп со кој господинот Љупчо Шврговски ќе влезе во оваа функција е, за жал, неговата изјава што тој ја даде за некои од медиумите.

Не сум во позиција да му препорачам, но сметам дека и господинот Прчевски навлече дел од анимуизитетот во јавноста заради некои изјави. И би го посоветувал господинот Шврговски да ги мери своите изјави доколку е ова политички коректно. Не го кажа никој друг, туку самиот тој кажа дека 20 години е пријател со браќата Мијалкови. И тука е вториот негов хендикеп, значи едниот е процедурален, ова е вториот самиот што си го наметна и што влегува самиот со своја изјава на ваква функција. Не дека ќе се добие впечаток дека во државата за да бидете на некоја функција треба да добиете амин од браќата Мијалкови и не дека ќе се добие впечаток дека наводната антикорупциска борба што ја води оваа Влада наместо непотистичка, ќе биде заменета со блиско пријателска, туку фрла сенка на тоа што тој оваа изјава не ја кажа кога го добил случајот за националната платежна картичка. Има некои етички кодекси внатре во Обвинителството, или избегнување на конфликт на интереси. Држи до личноста доколку тој самиот се пријави дека е 20-тина години пријател со некого за кој што треба да го решава случајот. Владата се обврза дека првиот ден, на првата седница ќе донесе таков кодекс на однесување. За жал, фали и уште чекаме да се појави во јавноста. Но, хендикеп е доколку само тој го знаел тоа и некои други дека е 20 годишен пријател со браќата Мијалкови, роднини на премиерот Груевски, нема потреба да ги потсетувам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и јавноста, а добил случај во кој што се замешани и Никола Груевски и тогашните членови на Управниот одбор, едниот од нив претседател, Миле Јанакиевски, Гордана Јанкуловска, денеска дел од Владата на господинот Груевски. И практично параболата помеѓу 2001 година кога беше формирана, сите знаеме 2 минути после отворањето на берзата приватизирана националната платежна картичка и оваа 2007 кога господинот Шврговски заменик обвинител станува кандидат на власта за Републички јавен обвинител за многумина во јавноста значи

конечно отварање на сите карти. И затоа многу од медиумите си го поставија прашањето, дали Владата компензира за услугите. И затоа брзо треба со својата ефикасна работа и согласно законите господинот Шврговски да ги демантира овие сомнежи што се јавија во јавноста, да демантира дека не истекол така случајно рокот, или случајно истекол рокот за покренување на обвиненија во рамки на националната платежна картица, дали биле кривични, прекршочни, не сакам тука Собранието да го претворам во една дебата за националната платежна картица, или да го претворам во една судница во која што тука ќе полемизираме. Но, самата изјава дека ако е 20 години пријател, значи бил и пред 2, 3 години пријател сигурно остава дилема, или претставува хендикеп на господинот Шврговски да влезе чист во оваа работа, да очекуваме да ја врши онаа функција која што сите сме заинтересирани да биде согласно законите и да влезе со хендикеп дека можеби Владата ќе се реши да донесе закон под притисок на роковите за Јавно обвинителство, бидејќи ќе мора да го донесе, ако сакаме да одиме во Европската унија и НАТО. Ако не сакаме, тоа е друга работа, тоа треба јавно да го кажат и тогаш можеби ќе биде подлежен на ревизија неговиот избор со некои преодни и завршни одредби во новиот закон, а ќе го ценат она што ќе го направи во овој период до донесување на законот. И затоа не за џабе за да ги решиме тие работи во правосудството и во обвинителството беа донесени уставните измени согласно европските препораки и стандарди. Не за џабе го вреднуваше тоа некој и затоа Македонија стана земја кандидат и не за џабе на секоја средба која ќе ја имате со Европската унија и НАТО претставниците ќе ви речат, Законот за јавно обвинителство ви е приоритет, тоа треба да го завршите. Никој нема да ве праша, зошто десет дена зборувате за Законот за празници, бидејќи тоа не е од европската егенда и од европскиот акционен план. Ќе вр прашаат, Закон за јавно обвинителство ни треба и тука не е крива претходната Влада. Што побрзо го сватиме тоа и што побрзо се посветиме да си работиме она за што сме платени и за што сме го добиле мандатот, реков тоа ќе биде подобро за сите граѓани на Република Македонија. Затоа брзо и господинот Шврговски можеби ќе излезе во јавноста и можеби ќе добиеме некои сознанија што точно и каква била улогата на господинот Груевски, Миле Јанакиевски и Гордана Јанкуловска во случајот на националната платежна картица. Затоа, реков и од процедурален карактер ние нема да учествуваме во чинот на гласање, бидејќи има многу пофалби од друга страна за личноста на господинот Шврговски кои доаѓаат од Обвинителството и од господинот Павлески што прочитав во медиумите и од други личности кои што ги ценам во таа свера. Но, целата процедура е наопаку, целата процедура е на врат, на нос, целата процедура од почеток го влече хендикепот дека не е она што ни треба. И затоа пратеничката група на СДСМ ќе ја напушти седницата во моментот кога ќе се гласа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Јас сум должен во делот каде што вие се жалите за процедурата, да ви дадам објаснување за целиот процес. Впрочем, на 11.01.2007 година Собранието од страна на Владата на Република Македонија доби Предлог за именување Јавен обвинител на Република Македонија. Тоа пристигнало во Собрание на 15.01.2007 година и веднаш на 17 сите пратеници го добиле истиот предлог, значи се имало време, се знаело дека на наредните седници ќе се разговара за Јавниот обвинител. Ние како Претседателство немавме можност да го надополниме дневниот ред. Денеска министерот се изјасни за оваа точка, значи Предлогот на Владата да се разгледа на оваа седница. Истото беше изгласано од страна на Собранието. Така што во овој дел не гледам никакво прескокнување на процедурите.

Процедурално господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Значи, мислам дека не држи објаснувањето од следните причини. И самите датумите ги велите. Во моментот кога на 17 јануари сте го поделиле тоа до пратениците, зошто не сте го ставиле на седницата што е закажана да речеме во петок, да ја ставите како дополнение на дневен ред. Зошто не сте ја ставиле на денешната седница како дополнение како што е ставена една друга точка. Сосема во рамки на процедурата и во рамки на Деловникот на ова Собрание би било. Зошто не ја ставите како прва точка во понеделник, значи за седници што постојат. Сосема во рамки на Деловникот сте имале можност тоа да го направите. Ако сакате да бидете потранспарентни, денеска на координација кога ги викнавте координаторите да кажевте дека еве, во петок ќе биде, ама не го кажавате тоа. Кажавте дека ќе биде за 15 минути и тука за јавноста може да се објаснува, ама ова не е позитивно за парламентарното мнозинство.

**Бесим Догани:** Тоа, сепак е ваше мислење. Зошто е ставена на седницата на 24 јануари, бидејќи согласно член 66 и став 1 и 2 од Деловникот така барала Владата од нас. За тоа се искажа министерот и мислам дека се е процедурално. Вие може да си имате свое мислење.

За реплика се јави Михајло Маневски, министер за правда.

**Михајло Маневски:** Во врска со ова што наизглед беше кажано така како да не е многу важно, а тоа беше главно и поентата на пратеникот. Мислам дека е јасно и треба да биде јасно и заради јавноста и заради вас пратениците дека случајот со националната платежна картица е затворен многу одамна, како што тоа го изјави и основниот јавен обвинител од Скопје Стерјо Зиков непосредно пред изборите. Мислам дека тоа треба да се има во предвид. Јавниот обвинител е тој што е носител на функцијата, јавниот обвинител е тој кој што го барал

извршувањето на функциите. Заменикот јавен обвинител е тој кој што постапува во името на јавниот обвинител. Заменикот јавен обвинител за својата работа одговара пред јавниот обвинител, пред својот јавен обвинител и пред јавниот обвинител на Република Македонија. За бидат нештата појасни, мислам дека работите треба да се гледаат во таа светлина, а наведувајќи ги и имињата на одредени лица кои што наводно биле вмешани во таа национална платежна картица, очигледно дека има друга тенденција, а не тенденција која што говори во прилог на она што треба да значи именувањето на јавниот обвинител. Овој пат Владата се определи за кандидат од внатре, кандидат од јавното обвинителство, се определи за професионален човек, а не како претходните именувања на јавен обвинител кои што не беа од јавното обвинителство. Господинот Швргоски е 20 години и дипломиран правник, 17 години е правник со положен правосуден испит, тој е повеќе од 10 години заменик на основниот јавен обвинител во Скопје кој што постапувал по исклучително значајни и сложени предмети во практиката. Тој е човек кој што се јавува како едукатор кој поминал низ една значајна практика во обавувањето на неговата функција, човек кој што се надоградувал, човек кој што стекнувал знаења. Тој е човек за кој што беше и овде кажано и како квалификуван и како одличен правник и како одличен практичар и тоа е таа гаранција дека господинот Љупчо Шврговски ќе ја врши функцијата совесно и одговорно.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Контра реплика од една минута има пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, затоа ние секогаш укажуваме во јавноста дека Македонија има и сила и личности кои што можат да ги водат институциите и секогаш ќе бидеме против кога се сака за некоја институција да се донесе странец. Познавајќи ја оваа биографија, познавајќи го министерот Маневски можел да му укаже веднаш на господинот Груевски да не троши буџетски средства и да оди до Рим да се сретне со еден господин италијанец за да го убедува да биде Јавен обвинител на Македонија, туку ние имаме вакви личности. Но, факт е од друга страна дека имаше покренато процес за националната платежна картица. Во компјутерскиот сеф господине министре и во компјутерскиот бизнис во Македонија точно се знае што е направено таму и тоа сите го знаат. И факт е дека членови на Управниот одбор биле Гордана Јанкуловска, Миле Јанакиевски, а директор бил Владимир Мијалков. Тоа е јасно. Тоа го пишува во “Службен весник”.

**Бесим Догани:** Три минути реплика господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе. Во овие три минути реплика би одговорил на некои дилеми кои што и самиот пратеник Макрадули знае дека не се дилеми, туку тој сака да ги постави како дилеми.

Прво, како што дојде процедурата овде пред Собрание избор на Јавен обвинител, така мнозинството гласаше за побрзо да биде избран јавниот обвинител, затоа што сите се согласуваме дека е потребно да има јавен обвинител кој ќе ги преземе сите одговорности.

Второ, зошто нема нов закон за Јавно обвинителство, пречекорен надвор од уставниот рок. Мислам дека преку два реда позади вас колешката Младеновска треба да ја прашате, во ваше време на владеење девет месеци имавте време да донесете нов Закон за јавно обвинителство. И како што кажа и министерот за правда, каде што таа како поранешен министер за правда преземала обврска пред меѓународните организации дека Република Македонија ќе донесе нов Закон за јавно обвинителство. Мислам прво неа треба да ја прашате. Но, одредена вина има и оваа Влада која можеби не го забрза процесот за носење на тој Закон за јавно обвинителство.

Националната платежна картица, цело време, тоа ви е својствено само вас да обвинувате без конкретни факти и докази. Има илјада и еден пример за тоа, а кога ќе дојде пред институциите да го докажете тоа, бегате. За националната платежна картица господине Макрадули, вие сте инженер, не сте правник, ви опростуваме, не ги знаете процедурите во Обвинителството заменикот постапува по налог на основниот јавен обвинител и за секоја одлука што мисли дека треба да се донесе, реферира пред основниот јавен обвинител, во конкретниот случај пред основниот јавен обвинител Скопје и тој дава согласност дали да се донесе таква одлука за покренување, или за непокренување на обвинителни акти, или обвинителен предлог, или преземање на други дејствија. Не е чудо опозицијата која што преку процедура сакаше да го брани Прчевски. Вие преку таа процедура сакавте да ви остане до ден денес Прчевски и одредени бачила кои што се појавуваа и сега излегуваат пред суд, тој да ги одбрани вашите бачила. Никогаш вие не кажавте барем еден добар збор, или еден лош збор за претходниот јавен обвинител. И добро е што колегата Бучковски имаше доблест и кажа пофални зборови за предложениот јавен обвинител кој што Владата го предложи, за неговите професионални и стручни квалитети. Добро е што еднаш некој ќе влезе без хипотека дека не е политички определен.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Тоа е одлика на ВМРО-ДПМНЕ да ги извртува зборовите. Значи, уште еднаш да кажам, значи не сакам да обвинам никого, тоа се вика во демократиите конфликт на интереси. Коректно беше тезата што самиот ја кажа господинот Швргоски дека е 20 години пријател со браќата Мијалкови. Кога го добил случајот,

истото да го каже и тогаш. Значи, повторно кажувам, не зборуваме ниту за квалитетите, ниту за способностите на човекот, туку за хендикепите што ова парламентарно мнозинство и оваа Влада му ги наметна на самиот почеток од неговото работење.

**Бесим Догани:** За реплика се јави госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Јас нема да ги извртам зборовите на господинот Макрадули. Но, сакам само да му укажам дека никој од нас не дошол во ова Собрание со никого да се потсмева, како што рече. Потсмевот и цинизмот кои што често како изрази ги употребува, не треба да се препишуваат на никому од нас. Сите ние имаме други цели што сме присутни тука. Фактички денеска сме присутни за да избереме меѓу другото и Републички јавен обвинител. На дневен ред не е странец за избор како личност за јавен обвинител, на дневен ред не се ниту браќата Мијалкови, на дневен ред не е ни презимето на лицето кое што е предложено за Републички јавен обвинител Шврговски, тоа е неговото презиме. Можеби позвучно му е на господинот Макрадули презимето Прчевски, но тоа е негова работа.

Моето прашање е зошто ние до толку ги формализираме работите и од формални причибни една голема опозициона група како што е СДСМ вели, нема ние да бидеме присутни кога ќе се врши изборот на јавниот обвинител, кога тие, сите досега што ги слушнав, никој од нив нема ништо против личноста, стручната личност на предложениот кандидат Шврговски. Тоа е прашањето. Ако може да ми се даде одговор.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Госпоѓа Куновска, изгледа како тргнала наназад не ни слуша напред дека навистина има потсмев и џагор овде во првите редови. Но, тоа е нејзин хендикеп. Како се одвојува од пратеничката група на НСДП, можеби ќе седне и зад преведувачите. Но, тоа е нејзин проблем, не е мој.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседател, почитуван министер, колеги пратеници,

Дозволете и денеска на оваа би рекол трета дебата по ред во однос на Јавното обвинителство да кажам неколку збора. Иако искрено мислам и што се покажа како факт дека ништо не променивме и не научивме во начинот на работењето од првите две расправи кога разговаравме и за поведувањето на постапка за разрешување, како и по предлогот за разрешување на Јавниот обвинител. Иако сите истакнуваме дека ова навистина е едно сериозно прашање, дека ова е институција која што заслужува респект и почит.

Мислам дека непокажуваме доволна сериозност, ниту пак респект и почит кон оваа институција, зашто точката на дневен ред за избор на Јавен обвинител ја поставуваме итно пред седница, без претходни констатации со пратеничките групи, иако за тоа немаше причина воопшто. На ваков начин кога кажав дека не научивме ништо од ваквите расправи, исто и Предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија беше доставен до Собрание по итна постапка беше ставен на дневен ред од претседателот на Собрание и расправавме. Со тоа не покажуваме сериозност и почитување кон оваа институција, туку едноставно сакаме набрзина без доволно дискусии да можеме да ги оствариме замислените цели на парламентарното мнозинство. Ова ќе го поткрепам и со неколку цитати од стенограмот на седницата која беше одржана по повод разрешување на Јавниот обвинител, каде што на почетокот од оваа седница еден од нашите колеги, господинот Никола Поповски од опозицијата реагираше на ваквиот начин на поставувањето на точката на дневен ред. Иако имаше време и моженост таа да се постави во една нормална процедура му се обрати на претседателот, цитирам: “во мое паметење, со оглед дека никој од нас немаме материјал во моментот кога вие ја отворате дебатата по точката, а Владата пред десетина дена достави до нас материјал, односно предлог, оваа седница е закажана пред повеќе од дваесетина дена и вие имавте можност се до вчера, оваа точка да ја дополните во дневниот ред и да не не доведете во ситуација елементарно да не бидеме подготвени за дебата и одлучување”. Тогаш господинот Љубиша Георгиевски како одговор на поставувањето на ваквата дилема во Собрание од страна на пратеникот дава едно објаснување Што за мене тогаш беше прифатливо, илипак ми влеа надеж дека ќе ги подобриме работите за работа во Собрание на значајните точки на дневен ред ќе посветуваме поголемо внимание и ќе се однесуваме со респект кон нив.

Еве што даде одговор претседателот на Собрание. Цитирам. “Треба да ви кажам дека дел од вашите аргументи држат, но треба да разберете во каква ситуација се најде Парламентот околу непредвиденото долго траење на дебата за Законот за полиција од една страна. Она на што јаа семтав, можеби згрешив, но сметам на извесноста на пратениците со оглед на тоа дека овде се водеше жестока и аналитичка дебата по однос на самиот предлог за разрешување на Јавниот обвинител и дека тогаш прилично темелно и прилично сестрано се расфетли тој случај. Но молам, јас го уважувам вашиот аргумент и овој час сакам да го искористам да ве упатам ако тоа ви значи нешто, без трунка иронија еден комплимент дека вашите дискусии секогаш се темелни, за разлика од некои други аргументирани и коизистентни. Тоа значеше дека ваквиот аргумент кој што беше

истакнат од страна на пратениците од опозицијата ќе биде прифатен и во иднина нема на ваков начин да пристапуваме барем за значајните точки на ова Собрание. Меѓутоа, ова навистина, како изјава, како аргумент, како објаснување го сваќам сосема иронично барем од денешна дистанца постојат скоро три месеци, заради тоа што на денешната координација и тоа на крајот од координацијата претседателот само рече да ве известиме дека денес мораме да го поставиме изборот на Јавниот обвинител на Република Македонија како приоритетно прашање во Република Македонија. Притоа мислеше дека опозицијата ќе биде доведена да не може да дискутира, да ги истакне аргументите и набрзина да си го исполнат она што го имаат замислено да се избере јавниот обвинител на Република Македонија, впрочем, онака како што беше и постапката при разрешувањето на Јавниот обвинител. Може овде да приговараме, посебно пратениците од парламентарното мнозинство дека постојано се повикуваме на некои работишто не се значајни. Меѓутоа, токму процедурите и токму овие аргументи кои што ги изнесуваме се и текако значајни за јакнење на демократскиот капацитет на ова Собрание, меѓутоа, и на институциите во Република Македонија.

Мислам дека во натамошниот период имаме време малку повеќе да обрнеме внимание на вакви прашања и на тој начин да покажуваме респект и почитување кон институциите.

Што се однесува до поставување на точката на дневен ред денеска и расправата која што впрочем ја водиме оценета како државен приоритет, како исклучителен приоритет во овој момент, заради тоа што Република Македонија е без Јавен обвинител, односно не може да функционира Јавното обвинителство и т.н. На тој начин ви благодарам, ги потврдивте нашите аргументи што ги истакнувавме по претходните дебати и се согласивте дека исклучително значајно е да Јавното обвинитеслтво го има својот прв човек и дека многу подобро ќе функционира, отколку без Јавен обвинител, како што гледаме дека Република Македонија е три месеци без државен Јавен обвинител. Меѓутоа, неприфатливо е да разговараме за именување на Јавен обвинител на Република Македонија, а притоа да не исполниме два услова. Тоа е донесувањето на законот за Јавното обвинителство и законот за Советот на јавните обвинители. Може да кажуваме дека важи постојниот закон, немаме правен вакум. Ако немаме рпавен вакум тогаш треба да се согласиме дека супер би функционирало Јавното обвинителство, ќе нема проблеми, ќе започне конечно посветеноста на борбата против корупцијата, што е една од приоритетите во програмската определба на ВМРО-ДПМНЕ за овој четиригодишен период. Меѓутоа, не е така. На овој начин покажуваме дека не сме подготвени да чекориме или да направиме побрзи чекори кон она што е приоритет токму Европската унија и препоракит екои што ни ги има дадено за позабрзано остварување на нашите цели. Навистина се потврдува дека за нас е добро, односно на парламентарното мнозинство работите како ние сме ги замислиле, без разлика што ќе коментира опозицијата, или ќе коментираат претставниците од Европската унија.

Можеме да се согласиме дека господинот Љупчо Шврговски како предлог на Владата на Република Македонија за Јавен обвинител, е стручен, компетентен, потекнув аод Јавното обвинителство и поради тоа сум среќен господине министре, што и по три месеци веројатно, успеавте, а по притисокот на јавноста, затоа што основен критериум за работа на оваа Влада е притисокот на јавноста, да го смените својот став и да кажете дека нема да доведете странец за Јавен обвинител, кој што беше проект осуден на пропаст, или неможност за негово реализирање уште на почетокот. Со тоа ги измамивте граѓаните дека ќе доведете странец за Јавен обвинител и на тој начин да ја подобрите борбата против корупцијата и криминалот. Тоа ќе се случи со сите институции, освен во министерствата кои што видовме дека сега и финансиски ги помогнавме некои што дојдоа во Република Македонија.

Недонесувањето на овие два закона во овој период, значи ако беше основен мотив, или причина да бидеме обвинувани на почетокот кога разговаравме за предлогот за разрешување, не сме ја исполниле обврската. Како тогашно парламентарно мнозинство не сме ја исполниле обврската, поминаа 6 месеци, меѓутоа, закон немаме, а уште повеќе што не е направена ниту измена во уставниот закон за да се продолжи рокот во кој што требаше овој закон кој што е наведен во Уставниот закон и тука кажувате за целата македонска јавност дека е во ред и ние си го почитуваме и правниот збор за владеењето на правото, меѓутоа, за жал фактите се сосема поинакви. Со такви хипотеки ќе влезе да работи господинот Љупчо Шврговски во Јавното обвинителство во Република Македонија. Ќе нема засилена независност, или улога во Јавното обвинитеслтво, меѓутоа, мислам дека тоа свесно се прави, се со цел да кажеме дека, после констатирањето дека не може да биде успешен заради сиситемот воопшто, еве имавме неможност тоа да го направиме заради недонесувањето на законите, како што тоа претходно претседателот го правдаше со Законот за полиција, меѓутоа сега се правда со Законот за празниците. И постојано ќе разговараме за одредени теми, кои што се наметнуваат на ваков или онаков начин во Собрание и ќе решаваме само кадровски комбинаторики, додека суштинските прашања нема да ги решаваме.

Вториот дел за кој што сака да поразговараме, во однос на мојот сомнеж за немање на влијанието на ВМРО-ДПМНЕ врз овој Јавен обвинител. Навистина, изразувам сомнеж кон оваа работа.

Јас по вчерашната изјава во медиумите дека ова е едно од најдобрите решенија на господинот Маневски, не мислам дека е така. Ова е решение на некој друг. Тука ја гледам и битната разлика помеѓу владеењето од 1998 - 2002 година на ВМРО-ДПМНЕ и сегашната. Тогаш во тој период основа  за вработување, за кадровски прашања, основ аза именување на значајни функции беше партиската книшка на ВМРО-ДПМНЕ, сега основа за именување е близината со господинот Груевски и неговото семејство. Впрочем, и самиот кандидат кажува дека е близу дваесеттина години со браќата Мијалкови, едниот е директор во УБК, другиот во Царинската управа. И самиот тој го водеше процесот со националната платежна картичка, кога сите на долго и на широко разговаравме и укажувавме на нерегуларности во работењето во тој период, меѓутоа, веројатно, како заменик на основен јавен обвинител.

Сега бидјеки ќе стане Јавен обвинител на Република Македонија, на кој што значително ќе му ја зацврстите функцијата на независност со стариот Закон, веројатно поради вашата желба очекувам да биде доблестен и уште еднаш ја преиспита работата на националната платежна картичка и на тој начин ќе ме убедите дека овој Јавен обвинител ќе биде обвинител кој што има намера сериозно да се справи со криминалот и корупцијата во Република Македонија, а на тој начин ќе направиме и чекор напред кон јакнењето на оваа институција. Доколку тоа не го нарпави ќе сметам дека влијанието што го имаат браќата Мијалкови и семејството на премиерот Груевски ќе биде значајно во овој период на Јавното обвинителство и ништо нема да добиеме како Република Македонија во напредок на овие потези.

Впрочем и досегашните чекори што се направени во однос на Антикорупциската комисија и во однос на невладиниот сектор, влегувањето и мешањето на политиката дури во спортот, сега не укажува на искреноста, на заложбите кои ги превзема оваа Влада. Дај боже, да не е тоа така, очекувам после денешнио тизбор, господинот Љупчо Шврговски тоа да го докаже на најдобар можен начин, за што јас ќе му бидам благодарен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Кој од пријавените е за реплика?

Три  минути реплика пратеникот госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Лалчевска Ристана:** Благодарам потпретседателе,

Би реплицирала на неколку работи на колегата Оливер.

Прво, вика ова ми е трета дебата, па да и процедурата која ја пропишана во Законот мора да оди со тие три процедури. Затоа е тоа трета дебата. Не треба да не чуди зошто е трета дебата. Сега тоа е контрадикторно со неговото изјавување дека се се одвива набрзина. Како може да се одвива набрзина кога една процедура за пристапување кон предлог за разрешување, па сега предлог за именување на кој претходно имало оглас кој го распишала Комисијата, па тој оглас траел 15 дена, заврши некаде на 30 декември, па поради Новогодишните празници се чекаше, оние по пошта што доставиле документи, поради преоптовареност на Поштата, Комисијата да ги почека и тие пратки да пристигнат и т.н., значи, апсолутно, колега мора да си признаете дека воопшто не се одвивала постапката набрзина, ниту пак била наметната пред свршен чин. Тоа е апсолутно не точно и процедурата е многу јасна, јасна ви е и вам и на мене и сега да не се залажуваме овде дека нешто од џеб било извадено. Тоа е процедура која трае и која точно е пропишана така и за која треба да истечат рокови. Огласот треба да тече 15 дена и т.н., па да се создаде предлог листа, па од таа предлог листа да се даде предлог до Собранието. Што има тука набрзина? Ништо тука не е набрзина. И навистина, не можам да прифатам да кажете дека господинот Шврговски ќе влезе со хипотека. Господинот Шврговски кандидатот за Јавен обвинител на Република Македонија лично нема никаква хипотека, а вие сакате да му наметнете некаква процедурална хипотека, што мислам не е во ред. Од неговата биографија, од неговата досегашна работа која била јавна, тој обавувал јавна функција, значи бил заменик Јавен обвинител веќе 10 години во Овинителството на Скопје. Можело да се следи и да се види дека тој сосема коректно и со сите капацитети ќе ја извршува таквата функција. Немојте да му наметнуваме процедурални хипотеки. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе, почитувана колешке Лалчевска, нема спорно во тоа што три пати отвораме една ваква дебата. Спорно е во постапката реков, набрзина или на мала врата доаѓаат точките во Собранието со известување непосредно пред седниците да започнат, без да не известите дека ќе разговараме за разрешувањето, или денеска за именвуањето на Јавниот обвинител. Инаку, не е кратко време. Предолго ја оставивте Република Македонија без јавен обвинител. Дури два месеци требаше да соберете храброст да распишете оглас за Јавен обвинител, а сега кажувате дека е многу значајно и приоритет број еден за Република Македонија, со што јас се согласувам. Тоа е првата работа.

Втората работа, нема хипотеки господинот Шврговски, вие како парламентарно мнозинство му ги наметнавте и со тоа што го ставате да работи без соодветните закони кои што ги донесувате и близината на семејството Мијалкови.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, господине министер, колеги пратеници,

Денеска очигледно е дека дебатираме само ние по оваа точка од дневниот ред, дебатираме само ние пратениците од опозицијата. Не дебатираме само заради проста дебата, или заради тоа да одземаме драгоцено време од работата на ова парламентарно Собрание, туку за да укажеме на некои работи, кои што навистина, не се во ред, а секако дека и вие сте свесни и знаете дека не се во ред, особено повеќе знаат оние колеги кои што се правници.

Јас уште еднаш ќе изразам како и другите огромно разочарување, зошто ова парламентарно мнозинство од почеток до крај вака се однесува кон ова сериозно прашање. Зошто и постапката за утврдување на одговорност за поведување на постапка за утврдување на одговорност на поранешниот Јавен обвинител, зошто и дебатата околу неговото разрешување, зошто и денешната точка за избор на Јавен обвинител на Република Македонија се дополнува на самата седница на ова Собрание. Значи основно прашање е зошто оваа седница, ако се земат предвид датумите кои беа предочени и од нашиот координатор, а и од претседателот, зошто претседателот на Собранието не ја искористил деловничката можност да го дополни дневниот ред за оваа седница со оваа многу важна точка на дневен ред, зошто си дозволил да ги информира координаторите пропратно на координацијата дека денес меѓу другот ќе се избира јавен обвинител. Се поставува прашање дали овој јавен обвинител ќе биде јавен обвинител само на позицијата и само тие треба да бидат известени кога и како ќе се избира и зошто се ускратува можноста уште еднаш на опозицијата да биде подготвена за дискусија по точките што се ставаат на дневен ред.

Јас знам дека државен приоритет е поставување јавен обвинител. Но исто така знам дека јавниот обвинител кога ќе го избереме треба да биде јавен обвинител на Република Македонија, јавен обвинител на сите, и на позиција и на опозиција. Мора да си признаете, лошо почнавме. Лошо почнавме и се испробуваме, испробуваме демонстрирање на сила на една многу важна институција, на многу важен орган кој што е единствен за борба против криминалот, а сите ние велиме дека борбата против криминалот ни е приоритет. Сите сме единствени околу тоа прашање ако сме единствени, можело барем околу начинот на договарање на поставување на дневен ред да бидеме единствени и да ни се даде можност да бидеме подготвени за дебата по ова прашање.

Многу кажавме околу процедурите. Кажавме на две седници претходно, кажуваме и сега. Значи, се поставува прашањето дали може да биде избран јавен обвинител по стариот закон и дали не требаше претходно да се донесе нов закон за Јавно обвинителство, па потоа да се пристапи кон избор на јавен обвинител. Мојот став, несомнено е дека прво требаше да се донесе закон за Јавно обвинителство и после да се избира по овој закон јавен обвинител на Република Македонија. Зошто? Ако не требаше да се донесе нов закон за Јавно обвинителство, не мораше да ги менуваме уставните амандмани кои се однесуваат на Јавното обвинителство. Што ќе реформираме сега во Јавното обвинителство ако избереме јавен обвинител по стариот закон за Јавно обвинителство. Ако се има предвид дека Јавното обвинителство е поставено врз база на хиерархија, се поставува прашање дали првиот кој е најважен и најгоре на врвот на хиерархијата ќе биде нереформиран, односно ќе биде избран по стар закон, а сите останати во иднина ќе ги избираме по новиот закон или според уставните амандмани. Ова е логично прашање и се поставува прашањето до кога ќе му важи односно трае мандатот на овој јавен обвинител, дали до донесувањето на нов закон каде што ќе се утврдат можеби и поинакви услови за јавен обвинител или вака нереформиран ќе води еден важен државен орган и ќе се бори против криминалот.

Другото прашање кое мене ми се поставува тука сега како дилема-јас не сакам да спорам и да дебатирам околу квалитетите и личноста на господинот Шврговски, затоа што за да се биде јавен обвинител прво треба да биде цврста и јака личност, а потоа се оди на стручните квалитети кои треба да ги поседува. Значи јас не навлегувам во неговите стручни и лични квалитети, затоа што иако ми е колега човекот навистина не го познавам, а досегашните дискутанти и од опозицијата се произнесоа дека имаат позитивно мимслење, еве и јас се придружувам кон тоа, но поставувам вакво прашање:

Ако на седницата кога се постави прашање за разрешување на претходниот јавен обвинител и отворање постапка за утврдување на негова одговорност, имавме испратено мислење до сите пратеници од Здружението на јавни обвинители дека не може да се разрешува и именува нов јавен обвинител се додека не се донесе нов закон за Јавно обвинителство, исто такво мислење имавме и од експертот, професорот на Правниот факултет д-р Шкариќ, сега поставувам прашање дали и понатаму останува мислењето на Здружението на јавни обвинители, какво е нивното мислење сега околу изборот по стариот закон на јавниот обвинител. Сигурна сум дека не го смениле своето мислење и сега се поставува прашање, а сигурно не го смениле мислењето, како сега ќе го прифатат не како човек, не како стручњак, туку господинот Шврговски избран во ваква процедура да биде на врвот на хиерахијата.

Мислам дека навистина парламентарното мнозинство настапува од позиција на сила или демонстрира сила. Од 20 септември е отпочната постапката за утврдување одговорност на претходниот јавен обвинтел. Од 20 септември

или на 10 октомври е разрешен јавниот обвинител, некаде три ипол, четири месеци имало време, имало можност да се донесе законот за јавно обвинителство и сега да избираме јавен обвинтиел по новиот закон. Наместо тоа, Владата се занимаваше со споредни прашања како што е: Да се одвлекува вниманието, поставувајќи една теза дека на Република Македонија и е потребен странец за јавен обвинител и наместо да ја насочиме целата енергија околу изготвувањето на законот за Јавно обвинителство, ние го одвлековме вниманието на оваа тема и еве сега што ни се случи, наместо да работиме на прашањата и проблемите кои навистина треба да се решаваат, ние односно Владата го одвлекуваме вниманието од важните прашања се со една цел, според мене, заради тоа што настапува од позиција “земи или остави”, барем така се потврди со голем број законски проекти како што е со Законот за празници, Законот за политички партии, Деловникот итн. Значи не гради политички консензуус во Собранието и свесни се дека не можат да постигна 2/3 мнозинство во Собранието за да се донесе законот за Јавно обвинителство и ако вака продолжат, секако е под знак прашалник, затоа што се треба да се гради и да се негува, пристапија да избираат јавен обвинител по стара процедура. Според мене сега ова е пак замајување и одвлекување на вниманието на јавноста, бидејќи сега можат повторно да си изберат свој јавен обвинител по стариот закон, кој кажавме дека не е добар, дека треба да го менуваме и затоа го променивме и Уставот во тој дел. Јас не знам зошто се става ваква хипотека на колегата јавен обвинител на Република Македонија, кој не се сомневам дека ќе биде избран, затоа што го избираме со кршење на процедурите, а тој треба да спроведува процедури, тој треба да го брани Уставот и законите, тој треба да го штити општеството и државата од криминалот. Мое мислење е дека сето ова се прави за да се избере уште еднаш свој сопствен јавен обвинител.

И на крајот, да кажам дека можеби и самиот, така да речам, “си стави своја хипотека” признавајќи дека нема никаква врска, нема политичко влијание врз изборот, иако сме свесни дека штом Владата го предлага мора да има политичко влијание, туку единствено само малку имал врска, 20 години бил близок со луѓе кои се наоѓаат на значајни позиции, кои треба доста да ги контролира во своето работење, затоа што се значајни места од каде што извира криминалот. Сега во текот на неговиот мандат ќе биде постојано соочен да докажува дека во неговото работење нема да се одрази блиската пријателска врска од 20 години, дека во неговото работење нема селективно да постапува затоа што е избран надвор од процедурите и дека во неговото работење ќе треба да вложи уште многу поголеми напори за да ги покрие овие хипотеки, да ги тргне на страна и да докаже дека навистина е јавен обвинител на Република Македонија, а не јавен обвинител на сегашното парламентарно мнозинство и на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** За реплика се јави госпоѓа Благородна Дулиќ. Повелете три минути.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине потпретседателе,

На неколку сегменти би се осврнала во врска со дискусијата на почитуваната колешка Цветанка.

Прво таа рече што ќе се трансформира во јавно обвинителската организација кога не може да се трансформира првиот човек, односно јавниот обвинител на Република Македонија кој што ќе биде именуван по важечкиот Закон за Јавното обвинителство. Доколку претходниот парламентарен состав се држеше на роковите за донесување на новиот закон за Јавното обвинителство, сеуште ќе му траеше мандатот на поранешниот јавен обвинител, кој што само заради тоа што ќе беше донесен нов закон за Јавно обвинителство немаше да биде сменет од таа функција пред истек на мандатот, односно под условите утврдени со закон.

Според тоа, транформација не се врши на јавниот обвинител на Република Македонија, туку трансформација се врши на јавно обвинителската организација во целина.

Второ, во однос на мислењето што беше го дало Здружението на јавните обвинители во врска со предвременото разрешување на Прчевски, мислам дека не може да се поистоветува и истото да важи и за овој случај, со оглед што истите се толку едуцирани и свесни за својата положба. Доколку сметаат дека оваа личност не одговара за јавен обвинител на Република Македонија, секако дека ќе реагира, а таква реакција нема.

Што се однесува до тоа дека законот за Јавното обвинителство требало да се донесе во овие три месеци колку што е на власт новото парламентарно мнозинство, сметам дека со оглед на обемноста на материјалот и во претходниот период кој што е изгубен ништо не било сторено во врска со оваа материја, а самиот Устав предвидува дека тоа требало да се стори тогаш во рок од 9 месеци со крајот на септември минатата година, не може да се очекува од Министерството за правда дека можело да ги превземе сите работи и консултации, за кои работи во собраниска процедура толку брзо да дојде овој закон.

Багажот што се става на колегата тој што е предложен за именување за јавен обвинител дека е пријател . . .

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам,

**Благородна Дулиќ:** Само момент да се доискажам .

**Иван Анастасовски:** Изминаа вашите три минути.

Една минута контра реплика за пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Колешке Дулиќ, во претходниот парламентарен состав вкуличително и партиите од опозиција се определивме за уставни измени во судството и Јавното обвинителство и затоа го прогласивме Уставниот амандман 30, каде што јасно се прецизира како треба да се постапи за да кажеме дека сме го реформирале и Јавното обвинителство. Ако ние сме го пропуштиле рокот за донесување нов закон за јавно обвинителство, вие имавте 6 месеци рок и ако е приоритет борбата против криминалот, требаше да се најде прв на листата и да го донесеме. А зошто не е донесен, ќе покаже историјата наназад, еве, со следната точка од дневниот ред ние ќе се лустрираме, па ќе видиме кој што правел, можеби и овој период некогаш ќе се најде на дневен ред на некој иден состав и ќе каже зошто е така.

**Иван Анастасовски:** Благодарам, вашето време истече.

Има збор министерот за правда како овластен предлагач.Повелете.

**Михајло Маневски:** Со оглед на многу големото инсистирање на почитување на процедурите, се согласувам дека процедурите во суштина значат примена на законите, меѓутоа, сакам да потсетам само на една работа и заради јавноста и заради Собранието. Има над 20 јавни обвинители и заменици јавни обвинители на кои им е поминат мандатот, има јавни обвинители на кои мандатот им е поминат пред неколку години, а не се повторно именувани. Ве молам, за какви процедури овде се залагаме. Кога говориме, треба да говориме реално и ова го говорам не заради информирање, туку заради тоа што тоа ќе биде прашање за кое ќе се преземаат соодветни мерки во наредниот период. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Реплика на говорот на министерот за правда има пратеникот Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседател.

Господине министер, ако има јавни обвинители на кои им е поминат мандатот, донесете го законот за Јавно обвинителство и обновете им го или продолжете им го мандатот. Замениците јавни обвинители немаат мандат по Уставот и нивниот мандат е траен. Само едно прашање: Дали ако не го донесевме Законот за Судски совет ќе избиравме Судски совет по стариот Закон. Дали тоа ќе значеше реформи во судството?

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за министерот за правда. Повелете.

**Михајло Маневски:** Ако мене ме прашате, тогаш ќе го најдете решението во Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани каде што се говори дека до примената на новиот закон за судовите се применува Законот за судовите кој важел во времето пред донесувањето на новиот Закон за судовите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со реплика по однос на говорот на пратеник Иванова.

Три минути реплика за пратеникот Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Потпретседателе, во говорот на колешката Цветанка Иванова беше спомнато тоа што го кажуваа колегите од опозицијата пред нејзиниот настап зошто дневниот ред се дополнува денес со оваа точка, зошто парламентарното мнозинство демонстрира сила со самиот факт што еве денеска на седница разговараме за јавниот обвинител, бидејќи опозицијата немала време да се подготви иако од 15 односно 17 јануари Предлогот е во рацете на сите пратеници во Собранието на Република Македонија, наместо да разговараме за квалитетот на понуденото решение, за стручноста на јавниот обвинител, за тоа што прв пат Собранието на Република Македонија предлага непартиски јавен обвнинител, имаме Предлог за јавен обвинител човек кој се градел во Обвинителството, кој ги поминал сите скалила во Обвинителството, кој има сериозен минат труд зад него, кој е гарант дека тој може успешно да ја врши неговата работа и наместо да зборуваме за потребата на земјата од јавен обвнинител, бидејќи од сите пори на општеството ни цвета криминалот и корупцијата колегите од опозицијата зборуваат цел ден за формата. Јас ја разбирам опозицијата дека е нејзина работа да наоѓа маани во работата на парламентарното мнозинство, но суштината на денешната расправа треба почитувани колеги да биде за тоа да му дадеме шанса на господинот Шврговски и да видиме дали после две години ќе се срамуваме од тоа што денеска сме го гласале или сите ќе бидеме горди дека конечно во Република Македонија се намалува криминалот и корупцијата, дека имаме вистински професионалец за јавен обвинител кој никого нема да дели ни по партиска припадност, ни според тоа колку тежи, колку пари има на своето конто, значи вистинска безкомпромисна борба со криминалот и корупцијата во земјата.

Да му дадеме шанса на господинот Шврговски и по извесно време сите заедно кога ќе го оценуваме извештајот на јавниот обвинител да видиме дали сме го направиле вистинскиот избор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Колешке Силвана Бонева опозицијата не е само да наоѓа маани, белким во изминатиот период сме дале доста конструктивни забелешки на бројни закони и вградени се дел од нашите забелешки.

Иако сум пратеник од опозицијата, јас би требало да имам во ова Собрание ист третман како и вие кои сте од позицијата.

Не може колешке Бонева, бидејќи јас сум од таа сфера, колегите да ме прашуваат дали навистина денеска ќе била точка избор на јавен обвинител и јас да добивам информации, јас сум пратеник, на самата седница дека ќе се стави точка за избор на јавен обвинител.

Околу процедурата да, ќе зборуваме околу процедурата затоа што се додека сите не се научиме, вклучително и ние, да почитуваме процедура, ние ќе сонуваме за правна држава.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре.

Како и моите досегашни колеги кои зборуваа и јас би сакал да дадам одредено мое мислење за кандидатот особено посебно чувствувам и морална одговорност да кажам неколу работи, со оглед дека се работи за мој поранешен колега со кого добро се познавам за време на судските претреси во скопските судови.

Се работи за Љупчо Шврговски кој е искусен кандидат, професионалец во својата област, објективен и непристрасен.

Истиот кандидат е докажан во разрешувањето токму на комплицирани кривични дела кои во текот на овие години во нашата држава се случија, па од тие причини сметам дека овој Предлог на Владата дава гаранција за успех во решавање на различните облици токму на организираниот криминал и корупцијата со кој нашата држава повеќе години нема забележителен успех.

Исто така ваквиот избор сметам дека е можност и за нормализирање на состојбите во судството особено да се стави одреден ред во хаосот кој владее во оваа област, да се стави ред во владеењето на правото на нашата држава и почитување на Уставот и законите.

Господинот Љупчо Шврговски кандидат на нашата денешна седница за јавен обвинител на Република Македонија е квалитетен кандидат, докажан во својата бранша како што еве и повеќето од вас колеги кажавте дека работел како заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје и опозицијата не најде одредени недостатоци освен рушејќи ја онаа презункција на невиност во смисла дали во иднина ќе биде ваков или онаков, дали со некого се дружел, а знаете дека ние сите имаме свои пријатели и да се стави грев некој со некого да се дружи е крајно некоректно или да се познава со одредени личности. Од тие причини сметам дека ваквиот избор за нашата држава Република Македонија за избор и именување на кандидатот Љупчо Шврговски за јавен обвнинител на Република Македонија ќе даде доста позитивни импулси во решавање токму на состојбите во сферата на организираниот криминал и корупцијата и што ќе претставува еден позитивен биланс во начинот како нашата држава да се приближи до Европската унија и НАТО.

Од тие причини сметам дека сите оние кои ќе го подржат овој избор односно именувањето на господинот Љупчо Шврговски нема да згрешат и дека ќе направат правилен избор.

Јас како претставник на партијата Сојуз на Ромите од Република Македонија ќе го подржам овој избор за именување на кандидатот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Како последен дискутант пратеник господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре Маневски.

Сакам јас да кажам неколку збора за оваа точка и бидејќи еден колега од позицијата рече зошто не признаете дека човекот е квалитетен. Токму затоа сакам да се јавам и да кажам што мислам за предложениот кандидат и да упатам неколку критики односно забелешки за начинот на кој го бираме затоа што сметам дека така квалитетен човек не треба да биде избран на ваков начин, затоа што и на почетокот се дерогира и како функција и како личност.

Значи, ако се сеќавате и во делот кога расправавме за разрешување на претходниот јавнен обвинител господинот Прчевски тврдев дека треба да се разреши, треба да се викне овде и да каже што работел и сработел, па ние како пратеници бидејќи го биравме да ја оцениме неговата работа. Тогаш мнозинството, сметам дека незаконски, според постоечкиот закон го разреши и се создаде една правна празнина и сметам дека за овие неколку месеци Владата мораше да го донесе Законот за јавни обвинители.

Зошто тоа го кажувам? Затоа што тоа е основен предуслов она што и како Владата на господинот Груевски и вие министре Маневски со најдобри намери зборувате да му дадете поишроки овластувања на јавниот обвинител, во онаа болка што нас не одалечува од НАТО и Европската унија да може јавниот обвинител да има ингеренции вистински да може да се справи со организираниот криминал. Знаете дека ова е една од најболните точки на која што и британскиот амбасадор завчера во обраќањето во Владата ни го укажа.

Значи, не знам зошто не се обидовте да го донесеме законот за јавно обвинителство, не знам зошто беше ставот да го донесеме со двотретинско мнозинство. Јас сум сигурен дека ако донесевме вистински законски предлог и опозицијата ќе гласаше и ние ќе имавме и Судски совет и вистинска надлежност и вистинска личност за јавен обвинител.

Верувајте, јас лично она што господинот Шврговски призна дека е пријател 20 години со Влатко Мијалков јас не му замерам, напротив, сметам дека е доволно храбар и вистински човек да каже кои се релациите со господинот Мијалков, зошто би криел. На крајот на краиштата и тоа ќе се откриеше и тоа не треба да му се земе за зло. Дури сметам начинот на кој постапува, апсолутно ве разбирам почитуван министре како заменик јавен обвинител во случајот НПК не му замерам затоа што претпоставувам или основниот јавен обвинител или некој од повисока инстанца му рекол така да постапи. Со тоа се согласувам и апсолутно сте во право и тоа не му замерам.

Можеби како нов јавен обвинител на кој сигурно ќе му дадете доверба, повторно ќе го отвори случајот и ќе ја разреши националната платежна картичка, не сакајќи да зборувам за инволвираност, тоа го зборуваше мојот колега Макрадули, за одредени луѓе во национална платежна картичка.

Она што сакам да го кажам, а верувам дека и вие господине министре, вие драги колеги и потпретседателе го имаме истото мислење дека во Република Македонија дефинитивно треба да почнеме да се бориме против организираниот криминал на вистински начин. Со подметнувања, со инсинуации сметам дека нема да отидеме далеку. Со непочитување на позицијата од страна на опозицијата или опозицијата од страна на позицијата мислам дека нема да отидеме далеку. Сметам дека и до вас упатувам апел господине министре и до вас од мнозинството да почнеме да ги носиме оние суштински закони затоа што како што еднаш реков...(галама во салата) очигледно не се почитуваме...

Иван Анастасовски: Ве молам колеги да му овозможиме на дискутантот, повелете.

Есад Рахиќ: Да ги донесеме оние закони кои од нас се бараат не за тоа што ги бара Европа, туку затоа што сметам дека со коректно законодавство ќе се создадат услови оваа држава да мрдне напред.

Затоа сметам дека начинот на кој го бираме господинот Љупчо Шврговски за кој ви реков во разговор со моите колеги правници, судии, адвокати, обвинители имаат најпофални зборови, само начинот на кој го бираме малку ќе му го наруши дигнитетот како иден јавен обвинител.

Инаку, за него можам само да кажам пофални зборови, затоа апелирам уште еднаш да најдеме сили да почнеме да размислуваме реално, власта да почне да ги почитува предлозите на опозицијата затоа што сите наши предлози и во делот на Јавното обвинителство и во делот на претходната расправа за деновите на националните празници, доколку тоа се договориме ќе избегнеме непотребно седење во Парламентот, трошење народни пари и со една вистинска работа на ова Собрание со вистински предлози од Владата многу брзо ќе ги донесе сите закони и предуслови да станеме полноправна членка на Европската унија и НАТО. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го ставам предлогот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Процедурално бара пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, колеги пратеници.

Сакам уште еднаш да го искажам ставот на СДСМ заради тоа што мислиме дека начинот, иако постојано ни замерате дека е ова во рамките и постојано се држиме за некаква процедура токму потребата од почитувањето на правната процедура, потребата од давање на можност на владеење на правото, бараме да воспоставиме нормална процедура и при разрешување и при избор на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Меѓутоа, очигледно ваквите укажувања од страна на парламентарното мнозинство не беа прифатени, па од тие причини пратениците од СДСМ пред чинот на гласањето ќе ја напуштат седницата. Благодарам.
(Пратениците од СДСМ ја напуштаат салата)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

(Минуваат минути на чекање кворум)

**Иван Анастсовски:** Ги замолувам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници во салата)

Бидејќи во салата се присутни доволен број на пратеници, Предлогот Љупчо Шврговски да биде именуван за јавен обвинител на Република Македонија го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме и внимавајте со картичките.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 61, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Љупчо Шврговски е именуван за јавен обвинител на Република Македонија.

(Аплауз)

**Минуваме наточката 10. - Предлог за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција.**

Предлагачи се група на пратеници.

Бидејќи се работи за 89 потпишани пратеници, јас би сакал бидејќи и јас сум еден од нив, да определиме кој ќе биде овластен предлагач.

Дали господинот Стојан Андов ќе биде овластен предлагач на групата од 89 пратеници?

Дали со тоа се согласуваме?

(Пратениците се согласуваат).

Во тој случај Предлогот за донесување на законот со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи има повеќе пријавени кандидати, а бидејќи од името на предлагачите го овластивме господинот Стојан Андов, во тој случај има збор овластениот предлагач, господинот пратеник Андов Стојан. Повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, почитувани колеги,

Предлогот за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција е проект што е долго подготвуван, за што се изработени доста аналитички материјали и што го привлече вниманието во јавноста. А, што е најважно, доби силна поддршка од членовите на нашето Собрание, од парламентарците.

Би сакал само да нагласам некои работи. Слични, малку поинакви, но слични закони се донесени во повеќе земји во транзиција, така што ова прашање што овде сакаме да се уреди, ние настојуваме да се уреди, е уредено повеќе во оние земји каде непречено се развиваше демократијата и земји кои постигнаа побрз економски развој во овој период.

Во јавноста често пати се нагласува дека е задоцнето донесувањето на една ваква мерка, на еден ваков закон. Се согласувам дека е задоцнето, но исто така се согласувам дека ако сега не го донесеме, понатаму ќе биде уште позадоцнето. Ќе има уште повеќе последици. Затоа сум расположен за тоа да ве повикам ние денеска да ја завршиме првата фаза или овој пат да ја завршиме првата фаза, да го усвои Предлогот за донесување. Ако има расположение да донесеме и еден заклучок, покрај вообичаениот заклучок за тоа како да се организира, како да се води јавна расправа по оваа тема, колку таа да трае, потоа, во тој период, се разбира, да се овласти, ако може така, ако се согласувате, оној кој го изготвил овој проект, овој закон, да ја доврши работата. Во втората фаза да достави предлог на закон до Собранието, така како што е регулирано со Деловникот.

Не би сакал да ве заморувам, повеќе пати зборував во јавноста, на повеќе места зборував за важноста на овој закон, па сега ќе ми биде ногу поважно сите учесници во оваа расправа многу сериозно да се однесат, во што не се сомневам, да дадат што повеќе идеи и што повеќе аргументи како на најдобар, на најуспешен начин, начин што ќе даде најмногу ефекти да се подготви предлогот на законот. Со тоа, во втората фаза да имаме успешно решение.

Со оглед на тоа што имаме 89 потписници, мислам дека ќе имаме богата расправа, ќе имаме добри предлози, добри идеи, и ќе имаме голема помош да можеме да подготвиме еден добар предлог, предлог на закон што ќе го донесеме.

Сега ќе ни биде многу покорисно. Наместо да продолжам да зборувам, да седнам, да слушам какви идеи, кои предлози и какви оценки вие ќе дадете. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Според редоследот на пријавените има збор пратеникот господин Хани Тахир. Повелете.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници,

Се радувам и го поздравувам тоа што се нарекува иницијатива на пратениците, бидејќи на крајот на краиштата и во Република Македонија имаме Предлог за донесување на закон за лустрација, што ќе овозможи да се елиминира онаа структура, организациона структура или онаа категорија на граѓани на Република Македонија кои ги имаат злоупотребено своите институции и доминирале во оваа земја. Мислам дека на јасен начин во законот е изразено и кажано дека оваа категорија на граѓани го спречувала развојот на демократијата во земјата.

Една суштинска дилема стои во фактот што овој закон за лустрација, дали ќе има позитивен пристап и без диференцијација или пак ќе бие со начелен пристап, при што ќе се опфатат сите оние кои учествувале во разните структури, кои вршеле дејност шпиунажа или работеле на оштетување на граѓаните, поради нивните политички обединувања, поради нивниот политички ангажман.

Сакам да нагласам дека ќе беше добро, доколку се направи вистинска категоризација на граѓаните кои ја вршеле оваа услуга, секако во име на структурите, во име на Дирекцијата за разузнување и контраразузнување, Секторот за разузнување и контрараразузнување, исто така и на Управата, всушност Агенцијата за разузнување во Република Македонија, сите овие структури дејствувале меѓу граѓаните и ги создавале своите организациони шеми со што го спречувале демократизирањето на државата и ја спречувале слободата на изразување на граѓаните.

Сакам да кажам и тоа дека пред мене ги имам одлуките или решенијата што се донесувале во име на функционерите, кои се можеби и присутни во овој Парламент, со што на дециден начин се вели дека се донесува одлука од страна на разни структури на Министерството за внатрешни работи со што се бара да се направи оперативен план на обработка на семејните луѓе, на општествениот круг на начин со што ќе се направи нивно инсруирање да дејствуваат против

Х-објект и во овој случај против објектот "Луна-2" што, за некого тука во Парламентот може и да е познат. Значи, кој беше операциониот план "Луна-2", објектот на операцијата "Луна-2".

Што е најзначајно? Најзначајно е тоа што оваа категорија на граѓани кои правеле обработка на граѓаните на Република Македонија за да ги употребат и искористат против некои поединци или пак да ги искористат против некоја категорија на граѓани кои, заради прашања на нивни политички убедувања, на нивни политички концепти и за да се наметне тоа во демократскио развој во земјата, тие ја употребуваат својата мрежа против оваа категорија на граѓани кои, во некоја друга форма доживувале последици од овие дејствија.

Сакам да кажам и тоа дека во законот за лустрација се предвидуваат 24 категории на граѓани што ќе треба во еден рок од 30 дена по гласањето и донесувањето на законот да депонираат, да поднесат свои изјави дека не биле соработници на некоја од овие три структури на службите за безбедност во Македонија.

Овој закон е закон што треба да се поздрави од сите нас и не треба да има целна репресија, туку треба да има цел, а тоа треба да биде елиминирање на оние структури, на оние поединци кои навистина не заслужуваат да бидат раководен дел од јавните институции или пак да учествуваат во тие институции кои имаат јавен карактер во земјава.

Затоа сакам да нагласам дека во моето досие, што го имам пред мене, постојат планови, одлуки на министри во периодот од 1990 до 2000 година. Од тие одлуки многу јасно се гледа дека многу личности од областа на Министерството за внатрешни работи донесувале одлуки или решенија што имале последици за многу граѓани. Тоа значи дека многу граѓани биле оштетени од овие против законски решенија, што биле против правата и слободите на граѓаните. А, обврска на Република Македонија е да ги почитува истите стандарди.

Затоа, со Резолуцијата на Советот на Европа, на Парламентот на Европа и ние се наредуваме до оние држави што во минатото имаат усвоено Закон за лустрација, како што е Германија, било да е тоа поранешната Источна или Западна. Тие, ги отстраниле од политичкиот живот сите оние лица кои во оваа или онаа форма сноселе одговорност за соодветен историски период, било да е тоа периодот после Втората светска војна или пак за Западна Германија, за Втората светска војна кога со илјадници, со десетици илјади граѓани на Република Германија биле исклучувани од политичкиот систем, отстранувани од истиот, деградирани од своите воени позиции или други позиции, како резулат на дејствувањето во таквите структури на службата.

Сакам да го нагласам и тоа дека сигурно е добро што овој закон се донесува во две фази. Во првата фаза ќе имаме можност да ги дадеме нашите суштински забелешки во насока на тоа да овој закон има позитивен пристап, пристап што ќе ги избегне лицата кои до ден денеска, всушност ќе може да ги отстрани оние лица кои до ден денеска ги искористуваат тие информации и тие механизми, кои прават уцена на некое лице или друго лице или прават уцена на една широка структура на граѓани во Република Македонија. Целата оваа структура се употребува за политички цели. За да ја елиминираме оваа форма на уцена на граѓаните, да ја елиминираме оваа форма на политичко дејствување за собирање на информации, кои што дискредитираат едно лице во една или во друга област или пак уште подлабоко, што се собрани информации од приватниот живот на секој граѓанин, од семејниот, приватен живот на граѓанинот и на поширокото семејство, овие информации, на крајот на краиштата се искористувани за злоупотреба или за принудување на граѓаните да бидат дел од нивната соработка.

Мислам дека во првата категорија на одговорноста треба да бидат опфатени оние лица кои имале раководни функции и ги создавале тие шеми на обработка на граѓаните, кои, потоа како обработени граѓани, ги искористувале наспроти нивната волја.

Сакам да нагласам дека познавам многу граѓани од моите соработници, за кои не верувам дека работеле со волја, ја имале улогата на соработник. Меѓутоа, ја прифатиле таа улога на соработник како резултат на наметнувањето на структурите на тајните служби, било да се тие од Секторот за безбедност и контраразузнување во Министерството за одбрана, било да се од Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи или пак Агенцијата за разузнување што е во надлежност на Претседателот на државата.

Имајќи го предвид овој факт јас сум на мислење, ја имате мојата поддршка и поддршка на Парламентарната група дека еднаш треба да расчистиме со ова. Особено во оваа работа треба да имаме деселективен пристап.

Многу се плашам од фактот да немаме селективен пристап, затоа што, доколку немаме селективен пристап, Република Македонија долг временски период имала силна контрола од страна на тајните служби во нејзините три категории што доминираат. Доколку немаме селективен присап на дефинитивен начин ќе можеме да се ослободиме од оние форми на уцена, на пресија и на создавање нов историски период кога сите граѓани на Република Македонија ќе бидат свесни за тоа што направиле во минатото и за тоа што треба да изградиме ние сега, во сегашноста.

Затоа, на крајот сакам да ја поздравам иницијативата. Ќе има моја полна поддршка и на мојата Парламентарна група, меѓутоа под услов, есенцијален или суштински да најавуваме дека ќе

нама селекционирање, дека ќе нема селектирање на личностите.

Не сакам евидентирањето или пак излегувањето на виделина на лицата кои дејствувале во разни форми или облици, треба да имаме предвид да се отстранат тие лица кои во разни форми на обработка, оценување и принуда да се направи амнестија на овие лица за вакви форми на принуда да бидат соработници на државната безбедност, а главната одговорност треба да им се пренесе на тие одговорни лица во разни сектори кои ги искористувале елементите, механизмите и методите на тајните служби, да ги принудат да бидат соработници, информатори и за да ги ориентираат во насока на оштетување на нивните блиски луѓе.

Затоа се надевам, времето ќе докаже, дека пристапот на лустрацијата или пристапот кон овој закон дали ќе биде вистински реален, дали ќе биде вистински искрен да се оттргнеме од овие минати структури на трите вида на служби, дали ќе се ослободиме од еден застарен концепт или ова го правиме само за да исполниме едно барање на Европскиот Парламент врз основа на Резолуцијата која ја имаат најавено дека сите посткомунистички држави треба да излезат со закон за лустрација, треба да се ослободат од старите структури кои ја носеле главната одговорност во комунистичкиот систем.

Затоа ние во првата фаза од законот ќе ги дадеме нашите есенцијални, суштински забелешки во кои, покрај оние 24 категории кои се предвидени во форма на одговорност, кои ќе треба да поднесат изјави дека не се членови или не служеле во ниту една од овие три категории на служби, ќе треба да се опфатат и разни сектори, како што се медиумите, невладините организации затоа што на некој начин и овие категории на граѓани се составен дел на разни структури на тајната служба во Македонија.

Уште еднаш го поздравувам овој Предлог на закон и сакам да се постигне целосен политички консензус, не сакам да има форма на остра репресија кон некои категории на граѓани, сакам да има амнестија за една категорија на граѓани, посебно на албанското население кај кои се употребувала методата на пресија, силна политичка пресија за да бидат соработници на државната безбедност и основната одговорност треба да се пренесе кај оние кои го правеле ова дејство, кои го вршеле ова дејство кон граѓаните, меѓутоа, сите кои се стекнале со бенефиции од службата, односно услугата, треба да одговараат, затоа што вршеле услуга кон некоја служба и последиците кои ги чувствувале граѓаните од разни категории било со диференцијација во работата, било со диференцијација во културно политичкиот живот или последиците до затвор.

Постои една поговорка стотина виновни можеш да ги ослободиш од вината затоа што не се виновни, меѓутоа еден невин да ставиш во затвор, тоа е најголемата вина и сакам да кажам дека ова е добра прилика да се ослободиме од стариот багаж, да изградиме нов систем и во оваа насока ќе има поддршка од парламентарната група и моја поддршка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Како овластен предлагач има збор пратеникот господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Моето земање на збор има процедурален карактер.

Предлагам да работиме до 20,00 часот, да не излезе како одсечена оваа денешна расправа, да добие насока, да се искажат повеќе луѓе.

Дали има 10 пратеници што ќе го поддржат ова?

Поставете го на гласање дали е прифатиме.

**Иван Анастасовски:** Предлогот да се работи вечерва до 20,00 часот, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи во салата немаме доволен број пратеници, го поништувам гласањето и ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме со гласање по однос на предлогот на господинот Стојан Андов.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Бидејќи во салата немавме доволен број на пратеници, гласањето не е валидно.

Во тој случај продолжуваме со расправа, бидејќи имаше пријавени дискутанти на екранот.

Следниот за говор е пратеникот господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина е точно тоа што се кажа дека еве имаме еден значаен закон кој, за жал, требаше да се донесе пред 15-16 години, но еве една изрека вели подобро доцна отколку никогаш и добро е што го имаме на дневен ред овој закон.

Добро е што предлагачот од сите тоа што го поддржале овој закон да оди во две фази, се дава можност да се добие јавното мислење и да има тркалезни маси каде ќе се искажат забелешки по однос на овој закон.

Јас ќе бидам краток во моето излагање, ќе ги дадам моите сугестии, мислам дека е од големо значење. На Комисијата за верификација на факти што се предвидува со овој закон, освен експертите од земјата да се вклучат и меѓународни експерти од земјите кои навистина имаат искуство во оваа насока, велам самото вклучување на некој меѓународен експерт ќе биде дополнителна гаранција навистина тоа што го кажа претходниот говорник, тие кои имале влијание порано во политичкиот живот во земјата да не им се даде можност истите лица да прават верификација на факти, туку на неселективен начин да се обелодени вистината.

Ова е сугестија на парламентарната група на коалицијата ДУИ-ПДП и истовремено би било добро со овој закон да се опфатат верските заедници затоа што и раководителите на

верските заедници имаат влијание во јавниот живот и тие да се опфатат. Исто така и средствата за информирање, тие кои ја вршат уредувачката политика, еден дел од новинарите кои во минатото паднале под ова влијание. Секако ние како коалиција и како парламентарна група ваква поддршка на предлагачот му ја дадовме уште кога се подготвуваше Резолуцијата што значи сега сме потписници на овој закон и навистина сме заинтересирани на крајот да се обелодени или да се прекине тоа што беше во минатото, што се случуваше во минатото едно зло, една појава која негативно влијаеше во јавниот живот или во демократизацијата во Република Македонија и ние независно од тоа можеби има и наши колеги кои биле дел, кои ќе ги опфати овој закон за лустрација, велам можеби има, но како и да е ние треба еден ден да се соочиме со вистината и кога се соочуваме со вистината секој од нас овде во Собранието и тие кои не се во Собранието, ќе им биде полесно. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали некој од пријавените е за реплика? (Нема).

Продолжуваме со расправа по однос на предложениот закон.

Има збор пратеникот Павле Трајанов.

Дали времето кое ни преостанува до крајот на работното време ви е доволно господине Трајанов?

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, мојата дискусија мислам дека ќе трае малку подолго, но можеби да започнам, па евентуално на продолжувањето кога ќе...

**Иван Анастасовски:** Во секој случај вие отпочнете, па точно на крајот од работното време јас ќе прекинам. Повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Законот за лустрација мислам дека отвора нови димензии во преиспитувањето на стариот систем во Република Македонија.

За мене е сосема логично зад овој проект да застане Владата на Република Македонија, пред се, поради осетливоста или исклучителната важност на овој законски проект.

Еве, во текот на денешниот ден го добивме Мислењето од Владата, мислење во кое се содржани голем број сугестии и забелешки, но во основа, Владата го поддржува овој проект.

Своевремено, при подготовка на проектот за декриминализација меѓу другото предвидов забрана на политичко дејствување или лустрација. Но, лустрација за оние кои ја злоупотребуваат службената положба извршувајќи високи функции во државата.

Понатаму, лустрација поради тоа што беа вклучени во органииран криминал и корупција или спрема сите оние кои 16 години учествуваа во ограбувањето на Република Македонија. Затоа во тој проект иницирајќи ја оваа мерка на безбедност или забрана на политичко дејствување, сметав дека на тој начин можеме да се ослободиме од сите оние кои постојано се на политиката сцена и постојано се вклучуваат во политичкиот живот и добиваат високи функции во државата, а тие функции ги злоупотребуваат.

Околу оваа идеја настана расправа, имаше голем број дискусии и неделникот Фокус ја иницира оваа тема практично за лустрација или за забрана на политичко дејствување на сите оние кои биле соработници на тајните служби.

Мислам дека тука треба да се согласиме уште на почетокот дека не е добро да одговараат или да настрадаат само некои ситни, популарно наречени, кодоши. Овде, освен оние кои соработувале со тајните служби, треба да ја следат истата судбина и сите оние кои раководеле со тајните служби.

Трета категорија се оние кои ги користеле информациите или наредбодавачите. Затоа, не може сега низ еден законски проект  да се провлечат оние кои повеќе од 40 или 50 години биле на висои позиции во државата, ги користеле информациите на тајните служби, ги користеле информациите на  соработниците. Со тие информации, практично, владееле со државата. Дисклвалификвуале, дискредитирале, праќале голем број на невини луѓе во затвори. Едноставно ги газеле човековите права и слободи. А сега, да настрадаат само оние кои соработувале со службите, со тајните служби.

Од таму, мојата генерална забелешка е дека треба ова прашање многу детално да го разгледаме. Треба да се направи сеопфатна анализа бидејќи не е едноставно на било кого да му закачите една катна на грбот и да му тропа цел живот, дека бил соработник на службата, кодош, а во суштина тоа не бил. Или обратно. Некој кој навистина бил соработник, меѓутоа работел за интересите на Република Македонија, бил вклучен за да го заштити територијалниот интегритет, да го заштити поредокот утврден со Устав и сега јавно да го покажете со прст затоа што во тоа време  и системот и законите и правилата дозволувале соработка.

Затоа е многу битно да се конкретизира за кои соработници се однесува овој законски проект. За кои. Дали за оние кои давале лажни информации, дали за оние кои, како резултат на соработката со тајните служби напредувале во кариерата, во бизнисот, во политиката, не знам, во уметноста, во новинарството и тн. Или пак сите ќе ги ставиме под ист режим и ќе имаме ист однос спрема сите?

Еве, со оглед на тоа што веќе времето истекува јас би прекинал овде. Ќе продолжам наредната седница.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Во тој случај денеска завршуваме со работа.

Утре продолжуваме со 27-та седница, на која што ќе бидат поставувани пратенички прашања.

Утре почнуваме во 11,00 часот. Благодарам.
(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)